ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ
# ЗА ИЗВРШЕНА РЕВИЗИЈА НА
# ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ И РЕВИЗИЈА НА УСОГЛАСЕНОСТ
# ЗА 2020 ГОДИНА НА
# АД ЗА ПРОИЗВОДСТВО НА ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА ЕЛЕКТРАНИ НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ СКОПЈЕ

01 2021 12 02

Скопје, март 2022 година

# С О Д Р Ж И Н А


| Опис | Страна |
|---|---|
| КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР | 1 - 69 |
| Финансиски извештаи | |
| Биланс на успех | 70 |
| Биланс на состојба | 71 |
| Извештај за промените во главнината/капиталот | 72 |
| Извештај за паричниот тек | 73 |
| Сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи | |
| - Вовед | 74 - 79 |
| - Основни сметководствени политики | 79 - 84 |
| - Образложенија кон финансиските извештаи | 84 - 98 |

Прилози:

Прилог бр.1 – Постапки за јавна набавка каде договорот е склучен на проценетата вредност наместо на постигнатата вредност со постапката

Прилог бр.2 – Измерени вредности на емисиите на сулфур диоксид, азотни оксиди и прашина во РЕК Битола во период 2019 – 2021 година

Прилог бр.3 – Позајмици дадени на акционерски друштва во државна сопственост

Прилог бр.4 – Преглед на средства од меѓународни донатори за истражување и развој во областа на енергетиката, во последните три години

Прилог бр.5 – Капитални проекти за производство на електрична енергија на АД ЕСМ Скопје

Прилог бр.6 – Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Прилог бр.7 – Одговор на забелешки по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Кратенки користени во извештајот:

АД – Акционерско друштво
АД ЕСМ Скопје – АД за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост Скопје
БИС – Бизнис информациски систем
БЈН – Биро за јавни набавки
ГИП – Годишна Инвестициона Програма
ГПЈН – Годишен план за јавни набавки
ДДВ – Данок на додадена вредност
ДООЕЛ – Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
ДУОП –Дозвола за усогласување со оперативен план
ЕБРД – European Bank for Reconstruction and Development (Европска банка за обнова и развој)
ЕДБ – Единствен даночен број
ЕМБС – Единствен матичен број
ЕО – Економски оператор
ЕСЈН – Електронски систем за јавни набавки
ЗЈН – Закон за јавни набавки
ИБРД – International Bank for Reconstruction and Development (Меѓународна банка за обнова и развој)
ИДИС – Интегриран Деловно Информациски Систем
ИЕД – Интегрирана еколошка дозвола
ИТ – Информатичка технологија
ЈПП – Јавно приватно партнерство
МЖСПП – Министерство за животна средина и просторно планирање
МСР – Меѓународни стандарди за ревизија
МСС – Меѓународни сметководствени стандарди
МФ – Министерство за финансии
НО – Надзорен одбор
НПНЕ – Национален план за намалување на емисиите на сулфур диоксид, азотни оксиди и прашина од постојните големи согорувачки инсталации
ПЈС – Подинска јагленова серија
РЕК – Рударско енергетски комбинат
РКЕ – Регулаторна комисија за енергетика
РСМ – Република Северна Македонија
ТД – Тендерска документација
ТЕЦ – Термоелектрична централа
УО – Управен одбор
ХЕЦ – Хидроелектрична централа
ХЕС – Хидроенергетски систем
DMS – Document management system (Систем за управување со документи)
ERP – Enterprise Resource Planning (Систем за планирање на ресурсите)

HERMES – Human Resource Management Software System (Систем за управување со човечки ресурси)
SAP – System Applications and Products in Data Processing (Интегриран компјутерски систем за управување со деловно работење)

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

**Број:** 20-738/1
**Дата:**21.03.2022 година

КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Државниот завод за ревизија изврши ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост Скопје, за 2020 година.

Со извршената ревизија за 2020 година, изразивме неповолно мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година и за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.

Извршена е ревизија на усогласеност за начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки кои имаат реализација во 2011 година, при што изразено е мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставени политики.
Извршена е ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност за 2006 година, при што овластениот државен ревизор се воздржа од давање мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, додека за усогласеност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики изразено е неповолно мислење.

Од последните извршени ревизии поминат е подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходните ревизии не беа предмет на проверка.

Со извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизијата на усогласеност кај АД ЕСМ Скопје за 2020 година констатирани се следните состојби:

- воспоставените внатрешните контроли во процесот на управување и работа на ИТ системот не се во согласност со меѓународните стандарди за ИТ безбедност и најдобри пракси и истите претставуваат ризик по функционирањето на системот;
- потребно е донесување на процедура за начинот на планирање и спроведување на јавните повици за набавка на гориво за производство на електрична енергија;
- во содржината на актот за организација и систематизација кај дел од работните места не се наведени барањата за конкретен вид на стручна подготовка и опис на работните задачи;
- отсуството на детални и точни податоци за земјиштето и градежните објекти во материјалната евиденција на постојаните средства не овозможува нивно поврзување со имотните листови, поради што не може да се потврди нивната комплетност, површина и сопственост;
- не е започната постапка за обезбедување имотен лист за земјиштето на кое се гради административен објект - Деловна зграда на АД ЕСМ Скопје;
- утврдена е неусогласеност на податоците за основната главнина прикажани во трговските книги на друштвото со податоците од Централниот регистар на РСМ и Централен депозитар за хартии од вредност;
- пописот на средствата и обврските на крајот на годината не е спроведен во целост и на начин уреден согласно Правилникот за вршење на попис;
- утврдена е количинска и вредносна неусогласеност меѓу мазутот евидентиран во материјалната евиденција и истиот искажан во пописните листи, која претставува пренесена состојба од претходен период;
- утврдени се грешки во воспоставената материјална евиденција на постојаните средства поради што истата не е усогласена со сметководствената евиденција;
- значителен износ на финансиски средства се инвестирани во проекти за кои не се создадени услови за завршување и користење, а отсуството на проценка не овозможува нивно реално и објективно прикажување во билансот на состојба;
- недостасува поткрепувачка документација за потврдување на правниот основ, реалноста и објективноста на долгорочните финансиски средства и нивното вредносно усогласување и можност за наплата;
- сметките на кои се евидентирани побарувања и обврски кои настанале со поделбата помеѓу АД ЕСМ Скопје и АД Електростопанство на Македонија не се прикажани во финансиски извештај – биланс на состојба;
- утврдени се грешки во начинот на пресметување на амортизацијата, што влијае на искажаните трошоци по тој основ, како и на вкупниот резултат од работењето;

- постојат слабости во начинот на контрола на набавена количина на сурова вода без претходен третман за индустриски потреби, што влијае врз вкупниот износ на исплатени трошоци по тој основ;
- несоодветно воспоставената евиденција на резервирања за рекултивација на деградирано земјиште и нивното анулирање влијае на двојно прикажување на расходи во претходниот период, како и погрешно прикажување на приход од резервирања во 2020 година;
- проектот за модернизацијата на Блок 1 во РЕК Битола не е реализиран и истиот предизвикал значителен износ на непродуктивни расходи и
- утврдени се неправилности во начинот на планирање и доделување на договорите за јавни набавки и во одредбите на склучените договори.

За надминување на констатираните состојби дадени се препораки во извештајот.

Во делот Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет ревизијата ги истакна следните прашања кои се однесуваат на:

- обезбедување дозвола за усогласување со оперативен план (ДУОП) за термоелектранатa РЕК Битола, како услов за нејзина работата и контрола на емисиите од сулфур диоксид и прашина кои произлегуваат од активноста која ја врши;
- анализа на степенот на реализација на ГИП во периодот 2016 – 2020 година;
- судските постапки кои се во тек во кои акционерското друштво се јавува во улога на тужител или тужена страна;
- купување на недвижен имот – деловни простории и земјиште од ЕВН Македонија АД Скопје;
- исплатени средства за функционирање на Синдикалната организација на АД ЕСМ Скопје и неможноста да ја потврдиме намената на потрошените средства во согласност со Колективниот договор и годишната програма на Синдикатот;
- утврдување на статусот на дадените заеми на поврзано друштво, ЈП и АД во државна сопственост;
- обелоденување на можните идни планови за подружницата „Попова Шапка –Тетово“ во рамките на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје;
- опис на состојбата во РСМ во однос на можните извори за производство на електрична енергија, улогата на АД ЕСМ Скопје во енергетскиот систем во државата, приходите кои ги остварува од продажбата на електрична енергија, проблемите со кои се соочува во однос на резервите со јаглен и понудената цена за електричната енергија на универзалниот снабдувач;
- информации кои се однесуваат на трошоци и донациите направени за справување со здравствената криза предизвикана од КОВИД- 19 вирусот;

- обелоденување на причините поради кои се зголемени обврските спрема добавувачите во земјата и странство и
- направените корекции во финансиските извештаи прифатени од страна на субјектот.

Од страна на  Генералниот директор на АД ЕСМ Скопје, доставени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор, истите се разгледани и констатирано е дека дел од нив претставуваат известување за преземени мерки и активности по утврдени состојби и дадените препораки, образложенија за причините кои довеле до состојбата, дел не се прифаќаат поради не доставени докази кои би имале влијание на констатираните состојби, а три забелешки/коментари се прифатени, бидејќи претставуваат укажувања кои подетално ја опишуваат состојбата. Прифатените коментари соодветно се обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи од страна 69 до страна 72 заедно со ревизија на усогласеност на АД ЕСМ Скопје, кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на успех, Извештај за промени во главнината/капиталот и Извештај за паричните текови за 2020 година и преглед на значајни сметководствени политики и објаснувачки белешки кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државната ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија за 2021 година согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е Конечен извештај за начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки кои имаат реализација во 2011 година во кој ревизијата изразила мислење со резерва за усогласеност со законската регулатива, упатства и воспоставена политика и Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2006 година во кој ревизијата се воздржала од изразување мислење за вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи и изразила неповолно мислење за усогласеност со закони и прописи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на АД ЕСМ застапувано од:

- м-р Васко Ковачевски, генерален директор и претседател на Управен одбор од 22.07.2019 година.

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи коишто се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во

финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

1.5. Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1. врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите, финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансиските извештаи, во сите материјални аспекти се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Ревизијата е извршена во согласност со Ревизорските стандарди на Врховните ревизорски институции (ISSAI). Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува извршување на постапки за прибавување на достатни соодветни ревизорски докази како поткрепа на нашите заклучоци. Избраните постапки зависат од расудувањето на ревизорот, вклучувајќи ја и проценката на ризикот од материјална неусогласеност, без разлика дали е резултат на измами или грешки.
При процена на ризикот, ревизорот ги разгледува внатрешните контроли релевантни за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на внатрешните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува оценка на соодветноста на користените сметководствени политики и на разумноста на сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот, како и оценка на севкупното презентирање на финансиските извештаи.

## 2. Цели, заснованост и период на вршење на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања било поради измама или поради грешка, овозможувајќи му на ревизорот да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување и да известува за финансиските извештаи и да комуницира, во согласност со ревизорските наоди.
Цел на ревизијата на усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските

извештаи се, во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики и да ја известува законодавната власт и други соодветни тела за наоди и расудувања.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Северна Македонија и со прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот, како резултат на утврдени погрешни прикажувања.

2.3. Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 15.03. до 25.10.2021 година кај АД ЕСМ Скопје од тим на Државниот завод за ревизија во состав:

## 3. Осврт на ревизијата од претходната година – спроведување на препораките

Извршени се ревизии и издадени се Конечен извештај за начинот и постапките за доделување на договори за јавни набавки кои имаат реализација во 2011 година и Конечен извештај за финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2006 година. Од последните ревизии поминат е подолг временски период во кој законската регулатива има претрпено измени, поради што имплементацијата на дадените препораки од претходните ревизии не беа предмет на проверка.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија одржан на 09.12.2021 година.

На ден 11.02.2022 година и 25.02.2022, од страна на Генералниот директор на АД ЕСМ Скопје добиени се забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор. Забелешките се однесуваат на точките 4.1.1., 4.1.3., 4.2.1., 4.2.2., 4.3.1., 4.3.4., 4.3.5., 4.3.6.1., 4.3.8., 4.3.9., 4.3.10., 4.3.11., 4.4.2., 4.4.3., 4.4.4.1., 4.4.4.2., 4.4.4.4., 4.4.4.5., 4.4.4.6., 4.4.4.7., 4.4.4.8., 4.4.4.9., 4.4.4.10., 4.4.4.11., 4.4.4.12., 4.4.4.13., 4.4.5., 5., 6.3. и 6.6. Истите се разгледани и е констатирано дека поголем дел претставуваат известување за преземени мерки и активности по констатираните состојби и дадените препораки, образложение за причините кои довеле до состојбата , дел не се прифатени поради не доставени докази кои би имале влијание на

констатираните состојби, а забелешката за точката 4.1.1. и 4.3.6.1. се прифаќаат, бидејќи претставуваат укажувања кои подетално ја опишуваат состојбата.
Во насока на објективно презентирање на состојбите, точката 4.3.4. претставува известување за преземени мерки, но поради доставениот сет на документи оваа точка во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор соодветно е дополнета, а препораката прилагодена.

Забелешките и содржината на одговорот на забелешките се прилог на Конечниот извештај

Констатирани се следните состојби:

4.1. **Внатрешни контроли**

4.1.1. Со извршената ревизија на ИТ системот кој врши обработка на финансиските податоци на АД ЕСМ Скопје и начинот на негово функционирање, утврдивме одредени слабости и тоа:

- АД ЕСМ Скопје користи системи кои се од постара генерација и чие одржување и сервисирање е отежнато. Истовремено апликациите кои се користат на овие системи се на платформи кои повеќе не се употребуваат во ИТ индустријата и соодветно на тоа, не може да се најде стручен кадар за нивно одржување. Овие апликации се користат над 20 години и од тогаш не е извршена нивна посериозна надградба што претставува висок ризик за нивно нормално функционирање и може да доведат до отежнато работење;
- во апликациите за финансиско и материјално работење при внесување и менување на податоците во базата не се остава трага;
- не е воспоставено поврзување помеѓу материјалната и сметководствената евиденција и нема централизирана база која ќе може да ги обработи податоците од базите на сите подружници истовремено. На овој начин е невозможно да се направи временски пресек на одредена дата и увид во материјални и финансиски податоци на ниво на АД ЕСМ Скопје;
- во апликациите се пристапува со еден ист кориснички профил за апликација од страна на сите вработени на кои им е дадено корисничко име за најава;
- АД ЕСМ Скопје во претходниот период има набавено софтвер за обработка на сметководствените и финансиски податоци базиран на платформата SAP, кој требало да ги замени постоечките системи, истиот е тестиран, но не е целосно ставен во функција. (образложено во точка 4.3.6.1 од извештајот).

Констатираните состојби не се во согласност со меѓународните стандарди за ИТ безбедност и упатуваат на присуство на високи ризици кои може да имаат влијание на веродостојноста на финансиското известување и врз безбедноста на податоците и укажува на потреба за преземање на итни активности за

употреба на апликации и платформи каде ќе бидат воспоставени и вградени соодветни внатрешните контроли.

Препорака

Надлежните органи на управување и раководење да преземат мерки и активности за воспоставување на современ сметководствен систем или испитување на можноста од активирање на постојниот систем на платформата SAP, со кој целосно ќе може да се одговори на потребите од работењето, поврзување на сметководствените податоци во една целина со оставање на трага на направените промени, како и единствена најава на секој корисник одделно.

4.1.2. Со увидот на начинот на управувањето и работата на ИТ системот на АД ЕСМ Скопје, ревизијата ги констатираше следните состојби:

- не е изработена и усвоена стратегија за ИТ и акциски план за управување и развој на ИТ системот каде меѓу другото би се дефинирале и приоритетите за преземање на значајни активности за решавање или намалување на утврдените критични ризици;
- во 2016 година во АД ЕСМ Скопје извршена е детална и прецизна проценка на ИТ ризиците во рамките на Системот за управување со информациска сигурност. При тоа, 71 % се оценети како високи и критични ризици за кои во последните 5 години не е направено нивно ажурирање;
- не постојат политики и процедури за редовно правење и тестирање на резервна копија од податоците како и план за нивно враќање во случај на хаварија;
- не е воспоставен централизиран пристап на корисниците до ИТ системите и ресурсите како и единствена централизирана точка на пристап на системот кон интернет. На овој начин постои ризик од далечински неовластен упад во ИТ системот;
- не е воспоставено централизирано чување на податоците од работењето на вработените лица, кои се корисници на поединечни работни станици. Од овие податоци не се прави автоматски резервна копија што претставува ризик од делумно или целосно губење на истите;
- лозинките за пристап на корисниците не се ажурираат, не се користи политика за комплексност и задолжителна промена по одреден период;
- типот на корисниците не е унифициран, односно истиот е без централизирано администраторско управување на сите работни станици и
- во употреба се оперативни системи од постара генерација за кои веќе не се прави поддршка и сигурносни надградби.

Констатираните состојби не се во согласност со меѓународните стандарди за ИТ безбедност и најдобри пракси и МСР 315[1] и истите претставуваат ризик по безбедно функционирање на системот на АД ЕСМ Скопје.

**Препорака**

Надлежните органи на управување и раководење да преземат мерки и активности за:

- донесување на Стратегија за развој на ИТ системот како и акциски план по кој би се движел развојот и функционирањето на севкупниот ИТ систем како една целина составена од повеќе меѓусебно зависни системи;
- констатираните ризици да се дефинираат во акциски план и редовно да се врши мерење и ажурирање на истите;
- пропишување на процедури за враќање и тестирање на сите податоци кои се чуваат на централизирани локации како и детален план за поврат на податоците по настаната хаварија;
- воведување на централизирано администраторско управување на сите работни станици со користење на оперативни системи за кои постои поддршка, воведување на политики за комплексност на лозинките и
- дефинирање на пристапот до сите ресурси во ИТ системот, нивно редовно следење, ажурирање и тестирање.

4.1.3. Согласно член 23 став 1 точка 10 од ЗЈН, АД ЕСМ Скопје нема обврска да ги применува одредбите од законот во случај кога предмет на набавка е енергија или гориво за производство на енергија. За овие стоки, а со цел да се овозможи транспарентност на постапката, АД ЕСМ Скопје објавува јавен повик. Со ревизијата утврдивме дека друштвото нема донесено интерна процедура со која се пропишува начинот на планирање и спроведување на јавните повици, документацијата која ќе се побарува од добавувачите, начинот на евалуација на понудите и други прашања, со цел да се обезбеди сигурен, објективен и воеднaчен пристап на постапување од страна на комисиите кои одлучуваат по јавен повик. Настојувајќи да обезбедат конкурентност и транспарентност во постапките, јавните повици се спроведуваат на сличен начин како што се спроведуваат постапките за доделување на договори за јавни набавки.

Со цел да го оцениме воспоставениот систем и начин на кој се спроведуваат јавните повици извршивме увид во пет од нив[2]. При тоа констатиравме дека иако се воспоставени правила за спроведување на јавните повици, поради

[1]МСР 315 – Идентификување и проценка на ризиците од материјално погрешно прикажување преку разбирање на ентитетот и неговото опкружување

[2] Јавни повици за набавка на мазут и природен гас по кои се склучени договори на износ од 1.709.779 илјади денари без вклучен ДДВ, за кои во 2020 година има преземено обврски износ од 1.031.120 илјади денари, што претставува 11% од вкупните преземени обврски во 2020 година.

нивната незадолжителност не секогаш се бара од добавувачот да достави одредени документи, кои се од особена важност за квалитетно и сигурно извршување на набавките.

Потребата од пропишување на одредени барања произлегува од следните јавни повици:

- во огласот од јавниот повик за набавка на 18.000 тони мазут за потребите на РЕК Битола и РЕК Осломеј[3] не е побарано добавувачот да поседува документи за докажување на способноста (економска и финансиска состојба и техничка и професионална способност);
- во огласот од јавниот повик за набавка на 15.200 тони мазут за потребите РЕК Битола и РЕК Осломеј[4], не е побарано добавувачот да поседува сертификат за квалитет на производот, посебно ако се има во предвид дека во понудата на добавувачот и склучениот договор наведено е дека потеклото на мазутот треба да биде од Република Грција, а во Изјавата за сообразност на нафтените деривати која е прилог на фактурите мазутот е со потекло од Република Бугарија и
- во јавниот повик за набавка на природен гас спроведен од страна на подружница Енергетика[5], констатиравме дека постои несовпаѓање меѓу количините и вредностите на гасот во ГПЈН за 2019 година (14.400.000 $nm^3$) и планот за производство за 2019 во подружница Енергетика (количина од 99.072.000 $nm^3$). Исто така, добавувачот наместо Сертификат за квалитет, приложил Извештај за квалитет, а од него во огласот од јавниот повик не е побарано да достави банкарска гаранција за квалитетно извршување на работите и валидна документација за докажување на способноста (економска и финансиска состојба и техничка и професионална способност).

Планирањето и спроведувањето на јавните повици е значајно за АД ЕСМ Скопје, бидејќи преку нив се врши избор на добавувачи кои имаат непосредно влијание на економичното и ефикасно вршење на дејноста на друштвото. Погоре наведените состојби укажуваат на потребата од донесување на јасни и прецизни правила за начинот на планирање и спроведување на јавните повици, што е во согласност со Стандард 12 – Процедури дел од Стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор.

[3] Договор бр. 11-345/6 од 20.12.2018 година во износ од 685.425 илјади денари без ДДВ
[4] Договор бр. 11-67/6 од 05.05.2020 година во износ од 380.000 илјади денари без ДДВ
[5] Договор бр. 11-13/16 од 17.01.2019 година во износ од 288.000 илјади денари без ДДВ

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење во делот на спроведувањето на јавните повици да преземат мерки и активности за донесување на процедура за уредување на начинот на планирање и извршување на јавните повици и да обезбедат услови за нејзина имплементација.

## 4.2. Усогласеност со закони и прописи

4.2.1. Актите за организација и систематизација се донесени од УО, врз основа на Статутот на друштвото, кој согласно член 3 од Законот за трговски друштва, претставува основен општ акт со којшто се уредуваат односите, организацијата и функционирањето на друштвото. Од спроведената анализа во содржината и пополнетоста на Правилникот за внатрешна организација[6], чиј составен дел е Систематизација на работните места[7] утврдивме дека со состојба на 31.12.2020 година од вкупно систематизирани 7.370 работни места, пополнети се 4.699[8] или 64%. При тоа констатиравме:

- за одредени работни места како потребен степен на стручна подготовка се наведени само високо или средно образование, како општи барања, без да се специфицира потребниот вид на стручна подготовка за извршување на работните задачи, што влијае на соодветноста на кадрите кои се вработуваат и
- описот на дел од работните места е од првично донесените акти за организација и систематизација и истите не се усогласени со моменталната состојба и видот на задачите кои вработените ги извршуваат, што оневозможува точно определување на одговорноста за нивно извршување како и следење на резултатот и други прашања од работниот однос.

Отсуството на барања за конкретен вид на стручна подготовка за дел од работните места, како и опис на работните задачи по работни места во актот за систематизација може да допринесе за пополнување на работните места со кадар кој нема квалификации и знаења од обласа која се бара за работното место. Наведеното има влијание и врз содржината и одредбите на склучените договори за вработување, кои како што е уредено во член 28 став 3 од Законот за работните односи треба да се повикаат на актите на работодавачот во кои се уредени условите на работа.

[6] Правилникот за внатрешна организација на АД Електрани на Македонија, во државна сопственост Скопје – УО бр.03-63/1/1 од 11.01.2006 година, негови измени и дополнувања УО бр.02-5220/88/8 од 23.11.2009 година, УО бр.02-522/189/3 од 31.01.2012 УО бр.02-7267/17/2 од 22.17.2017 година и пречистен текст од 22.17.2017 година

[7] Цел назив : Систематизација на работните места со опис на работите и работните задачи по работни места за Дирекција и Подружниците

[8] Од вкупно пополнетиот број на работни места (4.699) 86% се мажи, а 14% се жени.

Препорака

УО на АД ЕСМ Скопје да преземе мерки и активности за промена на актот за систематизација со прецизирање на видот на стручна подготовка за работните места каде истото не е уредено, како и ажурирање на описот на работните места со работни задачи кои соодветно одговараат.

4.2.2. Земјиштата и градежните објекти, со проценета сегашна вредност од 19.650.740 илјади денари, претставуваат 56% од вкупните материјални средства со кои располага друштвото. Со ревизијата ги утврдивме следниве состојби:

- отсуството на детални и точни податоци за земјиштето и градежните објекти во материјалната евиденција на постојаните средства не овозможува нивно поврзување со имотните листови, поради што не може да се потврди нивната комплетност, површина и сопственост. Појаснување за оваа состојба не беше обезбедено ниту од надлежните вработени, поради што нејасно е за кои земјишта и градежни објекти се обезбедени имотни листови, а за кои не постои документација за сопственост;
- за градежното земјиште, добиено врз основа на Одлука[9] на Влада на РСМ со право на трајно користење, со вкупна вредност од 50.999 илјади денари, на кое се гради административен објект - Деловна зграда на АД ЕСМ Скопје нема започната постапка за обезбедување имотен лист пред надлежната институција за ова средство.

Ненавременото преземање мерки и активности за задолжително запишување на правото на сопственост на земјиштето и градежните објекти е спротивно на член 142 и 156 од Законот за катастар на недвижности и не овозможува да се потврди правото на сопственост на друштвото врз истите. Истовремено овие состојби не се во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи.

Препорака

Надлежните вработени за водење на трговските книги на АД ЕСМ Скопје да преземат активности за:

- целосно утврдување на поврзаноста меѓу расположливите имотни листови и средствата евидентирани во материјалната евиденција на друштвото и

[9] Одлука за давање на трајно користење на градежно земјиште сопственост на РСМ на АД ЕСМ Скопје (Сл. Весник бр.164/2011) со површина од 1.425 м$^2$ , КП 13526/6 КО Центар 1

- обезбедување на имотните листови за регулирање на сопственоста на имотот на АД ЕСМ Скопје и нивно соодветно сметководствено евидентирање.

## 4.3. Финансиски извештаи

4.3.1. АД ЕСМ Скопје е основано со Одлука[10] на Владата на РМ за преструктуирање на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во државна сопственост, со издвојување односно основање на ново друштво за производство на електрична енергија. Врз основа на оваа Одлука со Решение[11], извршен е упис на АД ЕСМ Скопје во Основниот суд Скопје 1 во Скопје.

Од увидот во сметководствената евиденција констатиравме дека постои неусогласеност меѓу вредноста на основната главнина евидентирана во трговските книги која изнесува 33.170.884 илјади денари и износот на запишаниот и уплатен капитал во Централниот регистар на РСМ и Централен депозитар за хартии од вредност впишан како основачки влог во износ од 31.738.878 илјади денари. За констатираната разлика од 1.432.006 илјади денари, во текот на ревизијата не беа доставени веродостојни и точни документи за потврдување на причините и начините поради кои сметководствена вредност на основната главнина е зголемена, ниту за истото беа презентирани одлуки на Собранието на друштвото - Владата на РСМ, како што е уредено со членовите 383, 420 и 421 од Законот за трговски друштва[12] и член 13 став 1 точка 6 од Статутот на АД ЕСМ Скопје. Истовремено, наведената состојба не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи, што има влијание на реалноста и објективноста на искажаната состојба на основната главнина.

### Препорака

Надлежните органи за управување и раководење во соработка со Собранието - Владата на РСМ да преземат активности за усогласување на податоците за основната главнина прикажани во сметководствената евиденција на АД ЕСМ Скопје со податоците од Централниот регистар на РСМ и од акционерската книга издадена од Централен депозитар за хартии од вредност.

4.3.2. АД ЕСМ Скопје согласно член 473 став 1 од Законот за трговските друштва има

[10] Одлука бр. 19-2626/1 од 30.06.2005
[11] Решение Трег. бр. 5020/02 од 09.09.2005 година
[12] „Службен весник на РМ“ бр. 28/04,.......,239/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 290/20

обврска најмалку еднаш годишно да изврши попис на средствата и обврските и да ја усогласи нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот. АД ЕСМ Скопје има донесено Процедура за начинот на вршење попис[13]. За вршењето на пописот во 2020 година донесена е Одлука[14] за попис, со која е формирана Централна пописна комисија. Врз основа на оваа одлука директорите на подружниците имаат формирано вкупно 109 централни и поединечни пописни комисии во секоја подружница. За успешно и целосно извршување на пописот, Централната пописна комисија има донесено Упатство[15]. По завршениот попис врз основа на поединечните извештаи изготвен е Извештај од Централната пописна комисија со состојба 31.12.2020 година, усвоен со Одлука на УО[16]. Со извршената ревизија на презентираниот пописен материјал, констатирани се наведените состојби:

- Извештајот од Централната пописна комисија како и извештаите од централните пописните комисии на подружниците се со податоци за вредноста на средствата кои треба да се расходуваат, како и податоци за кусоци и вишоци. Истите не ги содржат податоци за: преглед на материјални (физички) и вредносни разлики меѓу фактичката и сметководствената состојба, причините за разликите и забелешки и објаснувања во врска со утврдени разлики дадени од лицата кои ракуваат со средствата, како што е предвидено во член 12 од „Правилникот за начинот за вршење на попис на средствата и обврските, усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот";
- централните пописни комисии по подружниците (со исклучок на РЕК Битола, Енергетика и ХЕЦ Тиквеш) за извршување на пописот немаат изработено план за работа, што не е во согласност со член 10 став 1 од Правилникот;
- при физичкото броење дел од материјалните средства немаат соодветни бар кодови или други пропишани ознаки, што не е согласно член 9 став 4 од Правилникот;
- АД ЕСМ Скопје во Процедурата за начинот на вршење попис го нема утврдено начинот на попис на јагленот, мазутот и бензинот, кои одговараат на специфичностите на неговата дејност и на карактеристиките на средствата кои се предмет на попис, како што е уредено со член 5 од Правилникот;

[13]Процедура за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба утврдена со пописот број ISO 9001:2015 број I-I-K-0854-103.
[14] Одлука за вршење на редовен попис на средствата, побарувањата и обврските за 2020 и формирање на Централна пописна комисија, број 02-5033/176/3 од 27.11.2020 година
[15] Упатство за попис на имотот на АД Електрани на Северна Македонија-Скопје, број 3-Н-0740-101 01-1
[16] Одлука за усвојување на Извештајот за редовен попис на средствата и изворите на средства на Друштвото со состојба на 31.12.2020 година, број 02-664/189/2 од 16.02.2021 година

- не е спроведен попис на нематеријалните средства, земјиште, материјални средства во подготовка, аванси за набавка на материјални средства, долгорочни финансиски средства, побарувања, обврски, производи на залиха (јаглен), основна главнина и резерви кои се прикажани во износ од 12.283.630 илјади денари во средствата и 43.759.965 илјади денари во обврските од билансот на состојба на крајот на годината. Поради тоа не е направено усогласување на нивната сметководствена со фактичката состојба утврдена со пописот како што е уредено со член 4 од Правилникот.
- во случај кога е извршен попис на средствата, пописните листи најчесто не се составени според аналитичките сметки на кои се евидентирани, во нив се утврдени фактичките количини, но не и вредносните показатели поединечно за средствата, што не е во согласност со член 10 став 4 и став 5 од Правилникот;
- во пописните листи за градежните објекти недостасуваат податоци за вредноста, како и податоци кои поблиску го опишуваат објектот (локација, имотен лист, површина), што не е согласно член 11 точка 1 и точка 3 од Правилникот;
- не е спроведен попис на сопствените средства и материјали кои ги дава на поправка, обработка и доработка во ФОРТ ДООЕЛ Осломеј и ФОД ДООЕЛ Новаци, што не е во согласност со член 10 став 7 од Правилникот и
- голем дел од пописните листи не се потпишани од членовите на пописната комисија, што не е во согласност со член 11 став 10 од Правилникот.

Горенаведениот начин на вршење попис не е во согласност со член 473 став 1 од Законот за трговските друштва и истиот не обезбедува целосно усогласување на сметководствената состојба на средствата и обврските со фактичка состојба утврдена со пописот што влијае врз реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - Биланс на состојба на ден 31 декември како и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да ги преземат следните мерки:
- извештаите од централните пописни комисии да ги содржат сите податоци кои се предвидени со Правилникот;
- централните пописни комисии пред започнување на пописните активности да изготват план;
- вработените кои се задолжени со средствата што се попишуваат и нивните непосредни раководители пред започнување на пописот да ги преземат сите подготвителни активности меѓу кои и означување на предметите со бар кодови и други пропишани ознаки;

- Процедурата за начинот на вршење попис да се дополни со одредби кои го уредуваат начинот на попис на средствата кои претставуваат специфичност на дејноста на друштвото;
- при вршење на попис да бидат опфатени сите средства и обврски, за сите поединечно да се изготват пописни листи според аналитички сметки во сметководствената евиденција, таму каде е потребно да се внесат податоци кои поблиску го опишуваат средството;
- пописните листи да бидат потпишани од членовите на пописната комисија и
- во пописните листи покрај количините да се внесат и фактичките вредности поединечно за секое средство и обврска, како услов за усогласување на фактичката со сметководствената состојба.

4.3.3. УО со донесување на Одлуката за усвојување на Извештајот за извршениот попис на имотот на АД ЕСМ Скопје за 2020 година, меѓу другото го прифатил предлогот на пописните комисии за расход на постојани средства, со набавна и отпишана вредност од 16.359 илјади денари и ситен инвентар и автогуми со вредност од 13.158 илјади денари, кои поради дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност повеќе не се користат. При тоа пописните комисии не дале предлог и УО на субјектот не донел одлука за начинот и постапката која треба да се примени за целосно расчистување на утврдениот расход (продажба, размена, преработка, рециклирање или уништување како отпад), а дала насоки расходуваните средства да се отстранат од сметководствената евиденција. Отстранување на средствата од сметководствената евиденција се спроведува во случај на кусок/констатирана кражба, отуѓување или давање на подарок на средствата, додека расходуваните средства независно што немаат употребна вредност, треба да останат во сметководствената евиденција, се до нивното физичко отстранување.

Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 42 став 3, 4 и 5 од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост и точка 13 од Упатството за попис на имотот на АД ЕСМ Скопје и има влијание на реално и објективно искажување на податоците во финансискиот извештај - биланс на состојба на ден 31 декември 2020 година и на квалитетот на информациите кои ги дава истиот.

Препорака

За движните ствари за кои при вршењето на пописот на средствата е утврдено дека се дотраени, неупотребливи или технолошки застарени, поради што не се користат, но и не може да се продадат или разменат, надлежните лица за управување и раководење да преземат активности за нивно собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, во

согласност со постапката која е уредена со законската регулатива, а по претходно обезбедена одлука за согласност од Владата на РСМ. По нивното физичко отстранување, надлежните лица кои ги водат трговските книги, врз основа на изготвени записници за примопредавање, истите да ги отстранат од сметководствената евиденција.

4.3.4. Врз основа на извршениот увид на состојбите на количините на горива и мазут искажани во сметководствената (материјалната) евиденција и извршениот попис за 2020 година во подружницата РЕК Осломеј, пописната комисија утврдила дека, количините на мазут искажани во пописната листа не се усогласени со истите во сметководствената евиденција. Имено, во пописната листа искажана е состојба од 511.000 kg мазут, додека во материјалната евиденција на крајот на 2020 година е искажана количина од 3.016.956 kg мазут. Констатираната разлика од 2.505.956 kg мазут, според просечните цени на 31.12.2020 година изнесуваат 62.650 илјади денари.

Со извршениот увид во документацијата за неколку години наназад, констатиравме дека разликите произлегуваат од претходен период (пред 2006 година). Пописната комисија ја искажала состојбата на мазут на 31.12.2020 година, без да достави Извештај до Централната пописна комисија и централната комисија на подружницата РЕК Осломеј, со што не ги истакнала причините за оваа состојба и не дала предлози за соодветно постапување, како што е уредено со член 11 од Правилникот за начинот на вршење на попис на средствата и обврските и усогласување на сметководствената со фактичката состојба и точка 10 од Упатството за попис на имотот на АД “Електрани на Северна Македонија“ – Скопје.

Констатираните разлики меѓу материјалната евиденција и состојбите утврдени по извршениот попис влијаат на расходите и искажаниот финансиски резултат во годините кога биле констатирани разликите.
По укажување на ревизијата за наведената состојба, од страна на УО на АД ЕСМ Скопје во септември 2021 година донесена е Одлука[17] со која се задолжуваат надлежните лица од подружницата РЕК Осломеј да формираат комисија за вршење увид во документацијата од претходниот период и утврдување на причините за неусогласеноста во количините на мазут. За истото дадена е обврска писмено да го информираат УО. До денот на завршување на ревизијата, работите на комисијата не се целосно завршени.

[17] Одлука на УО бр. 02-4393/223/6 од 22.09.2021 година

Во прилог кон добиените забелешки од страна на АД ЕСМ Скопје доставено е известување заедно со пропратна документација за преземени активности кои се однесуваат на состојбите истакнати во оваа точка при што:

- формирана е стручна комисија за изнаоѓање на причините за потеклото на разликите во мазутот и изнаоѓање начин за надминување на состојбата;
- спроведена е вонредна ревизија од страна на Службата за внатрешна ревизија во Дирекција на АД ЕСМ Скопје и доставен е Ревизорски меморандум со дадено мислење на Записникот од комисијата која работела на утврдување на разликата во состојбата на мазутот помеѓу материјалната евиденција и евиденцијата во производството. Внатрешната ревизија констатирала дека во магацинското работење не се постапува согласно процедурата за складирање, постојат слабости во комуникацијата меѓу организационите единици и неправилности при пописот на мазутот. За сите констатации внатрешната ревизија дала и насоки за идно постапување. Овој извештај е потпишан од членовите на тимот, но не и од раководителот на Службата за внатрешна ревизија;
- со Одлука на УО број 02-5241/237/1 од 08.11.2021 година формирана е Централната пописна комисија која одржала состанок, при што од содржината на изготвениот записник може да се осознае дека направено е „разгледување и анализа на состојбата на количините мазут во сметководствената евиденција и анализа на процес и утврдено е потеклото на разликите;
- задолжување на сметководствените и техничките служби во РЕК Осломеј – Осломеј за соодветно сметководствено евидентирање на разликите, при што дадени се насоки за идно почитување на „правилниците и процедурите за евидентирање и усогласување на евиденцијата на мазутот редовно и континуирано“.

Препорака

Надлежните лица во АД ЕСМ Скопје да преземат активности за редовно применување на одредбите од правилниците и процедурите за евидентирање и усогласување на евиденцијата на мазутот, како и да постапуваат согласно дадените насоки од Службата за внатрешна ревизија во однос на приемот и издавањето на мазутот.

4.3.5. Нематеријалните и материјалните средства евидентирани во трговските книги на АД ЕСМ Скопје се проценети со сегашна вредност од 36.044.297 илјади денари и истите претставува 84% од вкупната актива на друштвото. Со извршената ревизија и направениот увид во доставена документација утврдивме недоследности во материјалната евиденција по следите основи:

- за дел од нематеријалните средства со сегашна вредност од 49.823 илјади денари не е воспоставена материјална евиденција, а истите се воведени во сметководствената евиденција на друштвото;
- во материјална евиденција воспоставена кај дирекција и дел од подружниците[18], дополнителните инвестициски вложувања кои ја зголемуваат набавната вредност на средството, не се евидентираат според нивната вредност, туку според вкупната вредност на постојаното средство, што влијае набавната и сегашната вредност на истото да се повеќекратно зголемени. Иако пресметката на амортизација е точна, сегашната вредност на средствата во материјалната евиденција се прикажани во износ поголем за 2.186.053 илјади денари. Во сметководствената евиденција вредноста на инвестициските вложувања е точно прикажана;
- во материјалната евиденција прикажано е средство - пат[19] без сегашна вредност, иако со Записник за примопредавање[20] истото во 2019 година е отстапено на Општина Новаци и соодветно е отстрането од сметководствената евиденција.

Утврдените грешки во воспоставената материјална евиденција придонесуваат нејзината сегашна вредност да е прикажана во износ кој е за 2.136.230 илјади денари поголема во однос на вредноста искажана во финансиската евиденција. Иако во конкретниот случај, утврдената неусогласеност нема влијание врз реалноста и објективноста на податоците од финансискиот извештај –Билансот на состојба на крајот на година, истата претставува ризик за можни грешки при прикажување на податоците во нареден период. Ваквиот начин на евидентирање не е согласно член 471 став 1 од Законот за трговски друштва, со кој е пропишано дека трговските книги треба да се водат на начин што меѓу другото ги прави видливи сите преземени трговски правни работи, како и состојбите на средствата. Истовремено трговските книги мора јасно да покажат на кој начин биле започнати, водени и комплетирани сите трговски трансакции.

[18] РЕК Осломеј и Енергетика

[19] средство пат - "ОП 102" Новаци-Ергела-Руднички коп Брод-Гнеотино со набавната вредност од 167.755 илјади денари која е вредносно усогласена за целиот износ.

[20] Записник за примопредавање бр.02-6051/1 од 07.11.2019 година

Препорака

Надлежните вработени за водење на трговските книги на АД ЕСМ Скопје да преземат активности за навремено, целосно и точно усогласување на материјалната и сметководствената евиденција на средствата.

4.3.6. Со извршениот увид во трговските книги на АД ЕСМ Скопје констатиравме дека на сметките Нематеријални и Материјални средства во подготовка евидентиран е вкупен износ од 2.943.787 илјади денари, кој се однесува на започнати, но недовршени инвестициски вложувања на АД ЕСМ Скопје. При тоа ги утврдивме следниве состојби:

4.3.6.1. На позицијата Нематеријални средства во подготовка искажана е состојба во износ од 280.724 илјади денари. Со извршената ревизија за потврдување на реалноста и објективноста на искажаните средства и направениот увид во доставената документација утврдивме дека во 2011 година друштвото започнало проект за набавка и имплементирање на Интегриран компјутеризиран деловен информациски систем – БИС. Целта на системот е обезбедување навремени и точни информации на различни нивоа на работењето и усвојување на најдобри практики во работењето, како и оптимално користење на ресурсите и целокупно подобрување на бизнис перформансите на компанијата. Системот вклучува лиценци за повеќе апликации SAP[21], HERMES[22] и DMS[23] и нивно интегрирање во еден ERP[24] систем. SAP системот се состои од осум модули[25]. За реализација на проектот бил склучен договор[26], по кој се исплатени вкупно 262.350 илјади денари. Системот се изведувал во три фази: развој, тестирање и продукција. Поголем дел од проектот бил имплементиран во текот на 2012 и 2013 година, односно бил извршен трансфер на дел од податоците, биле спроведени тестирања и одржани обуки на корисниците. За апликациите HERMES и DMS во 2012 година преку потврда за оперативни прифаќање официјално било соопштено дека ги поминале тестирањата без значајни пропусти. За SAP системот, во неколку наврати од страна на УО била донесена одлука за почеток на негова

[21] SAP е еден од водечките светски производители на софтвер за управување со деловни процеси, развивајќи решенија кои олеснуваат ефективна обработка на податоци и проток на информации низ организациите.

[22] HERMES- Систем за управување со човечки ресурси

[23] DMS систем кој се користи за примање, следење, управување и складирање документи и намалување на хартијата

[24] ERP – Систем за планирање на ресурсите

[25] Финансиско работење, основни средства и ситен инвентар, контрола, управување со инвестиции и водење капитални проекти, набавки, продажба, магацинско работење и одржување на електраните.

[26] Договор бр.02-2154/1 од 14.04.2011 година

работа, а во последната одлука од септември 2014 година како краен рок е наведен декември истата година. Дел од SAP се користи во моментот во подружницата РЕК Битола. Што се однесува на тестирањето на ERP системот потврда за полу – оперативно примопредавање е изречена во јуни 2014 година, со наведување на определени исклучоци кои треба да се подобрат и рок за нивно отстранување, поради што финалното оперативно примопредавање било одложено до март 2015 година. Во известувачкиот период ERP системот не се користи, освен во делот на пресметката на плати, делумно електронската архива, шифрирање на новопримени материјали, креирање работни налози при одржување на РЕК Битола. Според информациите од надлежните вработени и доставената документација за целосна имплементацијата на отворените прашања во системот утврдивме дека имало потреба од разрешување на прашања кои според укажувањата не се од витално значење за работа на системот, но не се презентирани документи со кои се потврдува дека слабостите биле отстранети и дека се наложува продолжување на активностите за финализирање на проектот.

Утврдените состојби не се во согласност со правниот стандард за должно внимание уреден со Законот за трговски друштва, како и со барањата од Правилникот за водење на сметководството (МСС – 38 Нематеријални средства и МСС 36 – Обезвреднување на средствата)[27], што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за утврдување на фактичката состојба и можноста од користење на информацискиот систем.

4.3.6.2. Во 2014 година склучен е Договор за набавка, испорака, монтажа и пуштање во работа на опрема за подобрување на телекомуникациите и мрежувањето на АД ЕЛЕМ[28], а во периодот од 2015 до 2020 година склучени се осум анекси кон договорот за 6 лотови[29]. Врз основа на доставената документација за статусот на реализацијата на договорот од јуни 2020 година, вкупната

[27] Нематеријалните средствата треба да се признаваат само доколку друштвото има идни економски користи за време на неговиот корисен век на употреба и за истите на крајот на секој приод треба да се процени неговиот надоместлив износ.

[28] Договор бр.11-3293/1 од 22.05.2014, Анекс бр1. 11-833/1 од 06.02.2015 година, Анекс 2 бр.11-7023/1 од 10.11.2015 година, Анекс бр.3 бр.11-1652/7 од 18.05.2016 година, Анекс бр.4 бр.11-7746/1 од 29.11.2016, Анекс бр.5 бр.08-6847/1 од 30.11.2017 година, Анекс бр.6 бр.08-6257/2 од 30.11.2018 година, Анекс бр.7 бр.11-5800/1 од 28.11.2019 и Анекс бр.8 бр. 11-157/1 од 30.11.2020 година

[29] Дел 1: WAN опрема, Дел 2: Каблирање, Дел 3: LAN опрема, Дел 4: P2MP микробранова мрежа, Дел 5: Видео надзор и Дел 6: Видео конференции

вредност на договорот и анексите изнесува 624.570 илјади денари (10.2 милиони евра) без вклучен ДДВ. Договорот требал да биде реализиран најдоцна до ноември 2015 година, а со последниот Анекс бр.8 од ноември 2020 година, неговото времетраење е продолжено до целосно реализирање, но не покасно од 30 ноември 2021 година. Договорот (со исклучок на ЛОТ 6) не е реализиран во целост, а опремата е евидентирана на сметката материјални средства во подготовка во износ од 541.292 илјади денари.

Со ревизијата утврдивме дека дел од опремата се користи, но не е ставена во употреба и за истата не се пресметува амортизација, што не е во согласност со член 472 став 3, каде е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат навремени и да бидат презентирани хронолошки, односно точно да го одразуваат временскиот редослед на нивното настанување.

Дел од опремата, која е набавена согласно ЛОТ 1 и ЛОТ 5, поради необезбедени услови не е можно истата да се предаде во употреба. Причина за нецелосната реализација на проектот е незавршен процес на експропријација, необезбедени услови за локацијата на инсталацијата и дозволи за градба за 5-те планирани столбови[30] од ЛОТ 1 на кои треба да се инсталира опремата, што не е во согласност со член 59-а од Законот за градење, каде се пропишани потребните доказите за обезбедување право на градење. Локациите на кои треба да се постави опремата сè уште се недостапни и неизвесно е дали опремата ќе биде употребена. Оваа состојба допринесува за истекување на дел од гаранциите на опремата која не се користи и постои ризик од нејзино застарување.

Утврдените состојби не се во согласност со правниот стандард за должно внимание уреден со Законот за трговски друштва, како и со барањата од Правилникот за водење на сметководството (МСС – 16 Недвижности, постројки и опрема и МСС 36 – Обезвреднување на средствата)[31], што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности:

[30] Суроч – НП Јасен, Брана Тиквеш, Столб ХЕЦ Шпиље, Столб Бошков Мост, Столб Глобочица

[31] Недвижности, постројки и опрема треба да се признаваат како средство кога е веројатно дека идните економски користи поврзани со средството ќе претставуваат прилив за друштвото. На крајот на секој период на известување ентитетот треба да оцени дали постои индикација дека средството можеби е обезвреднето. Доколку постои таква индикација, ентитетот треба да го процени надоместливиот износ на средството.

- при изработката на студија за одреден проект, навремено да се изврши експропријација, обезбедување услови за локациите на инсталациите и дозволите за градба од надлежни органи, во согласност со законите кои ја уредуваат областа;
- утврдување на фактичката состојба на опремата и можноста од нејзино употреба и
- навремено и точно евидентирање на инвестиционите вложувања во материјални средства, како и зголемување на основицата за пресметување на амортизација.

4.3.6.3. Во 2016 година склучен е договор[32] со друштво за производство, трговија и услуги за набавка на „стоки од системот за следење на движење и мерење на количините на јаглен и мерење на активности на придружна механизација за ПЕ Рудници во РЕК Битола“ во вкупен износ 8.824 илјади денари со вклучено ДДВ. Плаќањето кон добавувачот е извршено во 2017 година во износ од 8.648 илјади денари со вклучено ДДВ[33]. Од вкупно набавени 130 артикли[34] во употреба се ставени 12 артикли со вкупна вредност од 1.725 илјади денари. Поголемиот дел од опремата за чија набавка се потрошени 79% од средствата или 6.798 илјади денари не се користат и се чуваат во магацините на АД ЕСМ Скопје и постои опасност од намалување на нивната употребна вредност.

Оваа состојба не се во согласност со правниот стандард за должно внимание уреден со Законот за трговски друштва, како и со барањата од Правилникот за водење на сметководството (МСС – 16 Недвижности, постројки и опрема и МСС 36 – Обезвреднување на средствата) што може да влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за утврдување на фактичката состојба на опремата и можноста од нејзино употреба.

[32] Договор бр.09р-2647/1 од 11.07.2016 година

[33] Во фактурата се опфатени и трошоци за монтажа и демонтажа на уредите во износ од 125 илјади денари.

[34] АВЛ уреди – 80 парчиња, АВЛ Уреди со сензори – 40 парчиња и Сонди за мерење на количина за гориво – 10 парчиња

4.3.6.4. Во декември 2014 година, Советот на Европа преку Постојаниот Комитет на Бернската Конвенција[35] отворил случај против РСМ поради основано сомневање дека со носењето на одлука за изградба на 22 хидроенергетски проекти во Национален парк Маврово, Владата на РСМ ги прекршила одредбите за заштита на природата. Поради тоа реализацијата на започнатите активности за изградба на проектите Бошков Мост и Луково Поле се запрени, се додека не биде донесена конечна одлука од страна на Постојаниот Комитет. Како основна причина поради која проектите се прекинати е отсуството на студии за оценка на влијанието на наведените проекти врз животната средина во еден од најстарите и најголем национален парк во РСМ, што не е во согласност со Законот за животната средина и основните барања за градба од Законот за градење. Со ревизијата констатиравме дека за започнатите активности за изградба на овие два проекти исплатени се вкупно 223.215 илјади денари кои се евидентирани во трговските книги како материјални средства во подготовка и тоа:

- Проектот ХЕ Бошков Мост предвидува изградба на брана, формирање на акумулација и зафати на сите потоци од сливот на Мала Река, за чија реализација во ноември 2011 година бил склучен договор за заем меѓу АД ЕСМ Скопје и ЕБРД, во износ од околу 3.997.500 илјади денари (65 милиони евра). Во период од 2011 до 2019 година, за овој проект исплатени се трошоци во износ од 138.277 илјади денари[36] за консултантски услуги, изработка на основен проект и трошоци за обезбеденост на средствата од заем во висина од 0,5%. Во декември 2015 година ЕБРД има добиено официјални препораки од Бернската Конвенција за одложување на активностите за целосно финансирање на проектот, поради што во јули 2016 договорот за заем од страна на ЕБРД е раскинат, а тендерските постапки за избор на изведувачи за градежни работи и електромашинска опрема се прекинати. Со увид во Извештајот изготвен од страна на друштвото, а во врска со договорот за ревизија на основен проект, констатиравме дека иако договорот за финансирање е прекинат, во 2017 година било продолжено со исполнување на договорените обврски за консултантски услуги, финализирање и комплетирање на основен проект и неговата ревизија, за што се исплатени 675 илјади денари.

[35] Од 01-05 декември 2015 година се одржала редовна 35-та седница на постојниот комитет на Бернската Конвенција за заштита на европскиот див свет и природни живеалишта при Советот на Европа, каде имало отворен случај против РСМ за развојните хидропроекти на територија на Национален парк Маврово.
[36] 137.602 илјади денари се повлечени средства од одобрениот кредит на ЕБРД, а 675 илјади денари се сопствени средства.

- За реализација на проектот "Подготовка на предлог проект за обновлива енергија Луково Поле", бил склучен договор[37] со ИБРД за исплата на аванс во износ околу 169.123 илјади денари (3 милиони долари). Во периодот од 2011 до 2016 година, исплатени се средства во вкупен износ од 84.938 илјади денари за консултантски услуги, изработка на студија за оценка на влијанието врз животната средина, геолошки истражувања во врска со проектот и други трошоци. По извршените подготвителни работи за реализацијата на проектот за Луково Поле како дел од националниот парк Маврово утврдени се потенцијални негативни влијанија врз животната средина поради што реализацијата на проект е прекината, а средствата одобрени од ИБРД кои останале не повлечени се откажани.

Наведеното укажува на недостиг од аналитички пристап при планирањето на проектите, примена на законската и подзаконската регулатива, како и необезбедена потребна документација за започнување и реализација на проекти кои се од особено значење за АД ЕСМ Скопје при вршењето на неговата дејноста, а истовремено се поврзани со значителен одлив на финансиски средства.
Утврдените состојби не ги задоволуваат барањата од Правилникот за водење на сметководството МСС – 16 Недвижности, постројки и опрема[38] и влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година.

Препорака
Надлежните лица за раководење и управување, пред изведување на градежни објекти, да преземат активности со кои ќе ги обезбедат сите потребните документи во согласност со законите кои ја уредуваат областа и целосно почитување на барањата за заштита на животната средина. Истовремено да се утврди фактичката состојба на вложувањата и можноста од нивна употреба.

4.3.6.5. Материјалните средства во подготовка во износ од 886.740 илјади денари, кои претставуваат 33% од вкупните материјални средства во подготовка се однесуваат на не завршени проекти за реконструкција и изградба на административните објекти на АД ЕСМ Скопје и тоа: .

[37] Договор за аванс број ППА МБОР број П4610-МК од 07.04.2011 година со Меѓународната банка за обнова и развој (институција во состав на Светска Банка)
[38] Недвижности, постројки и опрема треба да се признаваат како средство кога е веројатно дека идните економски користи поврзани со средството ќе претставуваат прилив за друштвото.

- Согласно со член 42 од Законот за градежно земјиште, Владата на РСМ во 2011 година, донела Одлука со која на АД ЕСМ Скопје му дава право на трајно користење, без надоместок, градежно земјиште во сопственост на РСМ[39], со цел изградба на нов административен објект - Деловна зграда АД ЕСМ Скопје. За таа цел во 2013 и 2016 година склучени се договори со две правни лица[40] во вкупен износ од 742.644 илјади денари без вклучено ДДВ. Објектот е отпочнат со градба согласно одобрението за градење[41], но не е завршен според роковите утврдени во договорите. Имено, градежните работи требало да бидат завршени најдоцна 18 месеци по воведување во градба или до крајот на мај 2015 година, додека градежните и градежно-занаетчиските работи требало да завршат 6 месеци по воведување во работа или до јуни 2017 година. Во тек на реализација на изградба на објектот поради непредвидени градежни работи, се наметнала потребата од изработка на заштита на градежна јама и околните објекти, за што се склучени два анекси кон еден од договорите за изградба на административен објект[42], поради што вредноста на истиот е зголемена за 26% и изнесува околу 762.975 илјади денари (12,4 милиони евра). Врз основа на анексите, кон договорот биле направени измени на основниот проектот. При реализација на двата договорите во период од 2012 до 2020 година исплатени се трошоци во вкупен износ од 794.158 илјади денари по двата договори (вклучувајќи ги и трошоците во 2020 година - 3.735 илјади денари). Во меѓувреме барањето од АД ЕСМ Скопје за одобрување на измени во текот на градењето на административниот објект, со Решение[43] од страна на Министерство за транспорт и врски е одбиено, а истото со Решение[44] од страна на Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен е потврдено. Барањето е одбиено со образложение дека

[39] Одлука бр.51-7252/1 од 20.11.2011 година за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на РМ на АД ЕСМ (Сл. весник бр.164/2011) со површина од 1425 м$^2$ , Имотен лист бр.98657 и КП 13526/6 КО Центар 1 во вредност од 50.999 илјади денари.

[40] Договор бр.11-905/3 од 24.04.2013 година со вредност од околу 605.968 илјади денари (9,9 милиони евра), Договор бр.11-52/4 од 01.03.2016 година со вредност од 136.676 илјади денари без вклучено ДДВ

[41] Одобрение за градење бр.20 Уп.-118/3 од 21.03.2013 година од Министерството за транспорт и врски, правосилно на ден 10.04.2013 година

[42] Анекс 1 бр.11-5620/7 од 13.11.2014 година и Анекс 2 за вишоци и кусок бр.11-1525/2 од 15.03.2016 година

[43] Решение бр. 28 Уп.-172/19 на 28.05.2019 година

[44] Решение бр.0804-253 од 19.09.2019 година

настанале промени во севкупната носивост и стабилност на објектот, поради што истата не може да се предаде во употреба.

- За реконструкцијата и доградбата на фасада за управна зграда на ЕВН Македонија АД и АД ЕСМ Скопје, во јуни 2013 година склучен е Договор[45] со вкупна вредност од 225.327 илјади денари, со краен рок на завршување до септември 2014 година. Во период од 2014 до 2019 година, договорот од страна на АД ЕСМ Скопје е реализиран во износ од 24.233 илјади денари без ДДВ. Повикувајќи се на член 17 од склучениот договорот, во октомври 2018 година доставено е „Известување за раскинување на договорот"[46]. На ревизијата не и беа презентирани информации за причините поради кои договорот е раскинат. По раскинување на договорот, во 2019 година доставени се две времени ситуации во износ од 1.753 илјади денари, за кои е водена судска постапка и кои по судско порамнување АД ЕСМ Скопје ги платил. Договорот не е реализиран во целост, а според укажувањата од надлежните лица во друштвото, вложувањата во реконструкција на фасадата се прекинати и нема да продолжат.
- Останатите средства евидентирани на сметката Материјални средства во подготовка во износ од 17.350 илјади денари се однесуваат на консултантски услуги, мислења за физибилити студии и други испитувања направени во периодот од 2012 до 2017 година, кои не биле искористени за реализација на конкретни проекти.

Отсуството на соодветно планирање и координација на активностите во изведувањето на градежните проекти, предизвикало нерационално трошење на средствата на друштвото и влијае врз неговата ликвидност.
Утврдените состојби не ги задоволуваат барањата од Правилникот за водење на сметководството МСС – 16 Недвижности, постројки и опрема и МСС 11 – Договори за изградба (во однос на степенот на довршеност на договорената реконструкција на фасада), што влијае на реалноста и објективноста на искажаните средства во билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година.

Препорака
Надлежните лица за раководење и управување да преземат мерки и активности за утврдување на фактичката состојба на градежните објекти и разрешување на постојните пречки за предавање на деловниот објект во употреба.

[45] Договор бр.03-3299/1 од 26.03.2013 година помеѓу ЕВН Македонија АД Скопје и ЕСМ Скопје со ДГ Бетон АД Скопје
[46] Известување за раскинување на договорот бр.02-5732/1 од 31.10.2018 година

4.3.7. На крајот на 2020 година, долгорочните финансиски средства искажани во трговските книги на АД ЕСМ Скопје изнесуваат 623.900 илјади денари и истите претставуваат пренесени состојби од претходниот период. Субјектот предмет на ревизија информираше дека најголем дел од долгорочните вложувања потекнуваат од 2005 година со преструктуирањето на Електростопанство на Македонија Акционерско друштво за производство, дистрибуција и снабдување со електрична енергија, во државна сопственост. Долгорочните вложувања од страна на дирекцијата и пет подружници[47] изнесуваат 1.454.549 илјади денари и претставуваат вложувања во: ДООЕЛ-и кои се основани од АД ЕСМ Скопје, правни лица, акции и депозити во банки, фондови и здруженија, дадени кредити и други вложувања. За дел од нив во минатиот период извршено е вредносно усогласување во износ од 830.649 илјади денари. За наведените средства и нивното вредносно усогласување не се презентирани уредни и веродостојни финансиски документи како би можеле да го потврдиме правниот основ, значењето на вложувањата од денешен аспект, нивната реалност и објективност при носење на одлуката за вредносно усогласување. Оваа состојба не е во согласност член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговски друштва со кои е уредено дека податоците во трговските книги мора да бидат целосни, комплетирани и истите треба да се водат врз основа на веродостојни сметководствени документи. Истовремено не е постапено согласно МСС 39 – Финансиски инструменти : признавање и мерење со кој е предвидено ентитетот да направи проценка на крајот на секој период на известување дали постои објективен доказ дека некое финансиско средство или група финансиски средства се обезвреднети или не постои можност да се наплатат.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да ги разгледаат искажаните состојби, да обезбедат веродостојни документи за разрешување на дилемите во однос на правниот основ на вложувањата и да извршат нивно вредносно усогласување доколку е потребно, во согласност со стандардите и законската регулатива.

4.3.8. Во трговските книги на АД ЕСМ Скопје со состојба на 31.12.2020 година на позициите АВР и ПВР евидентирани се побарувања/обврски од 2005 година, по основ на делбен биланс кои се однесуваат на интерни односи помеѓу АД ЕСМ Скопје и АД Електростопанство на Македонија, во вкупен износ од 7.859.491 илјади денари. Овие побарувања/обврски не се прикажуваат во Билансот на состојба на крајот во претходните години како и за тековната 2020

[47] РЕК Битола, РЕК Осломеј, ХЕС Маврово, ХЕС Тиквеш, ХЕС Црн Дрим

година и на истите не е извршен попис. Ревизијата не доби поткрепувачка документација за основот на настанатите побарувања и обврски. Евидентирањето на финансиските трансакции без да се видливи преземените дејствија и без соодветна поткрепувачка документација не е во согласност со принципите на правилно водење на сметководство, Правилникот за водење сметководство – МСС 1, како и одредбите од член 469 и 472 од Законот за трговски друштва и има за ефект нереално и необјективно презентирање АВР и ПВР во трговските книги и Билансот на состојба за 2020 година.

Препорака
Надлежните лица на управување и раководење да формираат комисија која треба да го утврди основот за евидентирање на трансакциите на АВР и ПВР во трговските книги и да предложи мерки за натамошно постапување.

4.3.9. Евидентираните трошоци за пресметана амортизација за нематеријални и материјални средства во 2020 година изнесуваат 2.513.842 илјади денари. Трошоците за амортизација се пресметуваат во согласност со МСС 16 - Недвижности, постројки и опрема и МСС 38 – Нематеријални средства, Уредбата за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства[48] (Уредба) и усвоените сметководствени политики[49] на друштвото.

Со извршениот увид во начинот на пресметка на амортизација кај дел од подружниците утврдивме несоодветна примена на законската, подзаконската и интерната регулатива и тоа:

- во 2020 година, не е пресметана амортизација во вкупен износ од 26.983 илјади денари на дел од ново набавените нематеријални, материјални средства и инвестиции со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалноста на средствата што не е во согласност со сметководствените политики на друштвото и член 6 од Уредбата;
- за дел од ново набавените средства за кои е пресметана амортизација, доследно не се применуваат одредбите од сметководствените политики на друштвото и член 7 од Уредбата, така што амортизацијата не се пресметува откако средството е активирано за вршење на основната дејност, односно станува расположливо за употреба, туку во иден период;

[48] Уредба за номенклатурата на средствата за амортизација и годишните амортизациони стапки, како и начинот на пресметување на амортизацијата, односно отписот на вредноста на материјалните и нематеријалните средства („Службен весник на РСМ„бр.277/19)
[49] Сметководствени политики на АД ЕЛЕМ Скопје бр.05-7286/1 од 31.10.2014 година

- на сметката Материјални средства во подготовка евидентирана е инвестиција во недвижност - шестоседа жичара на Попова Шапка во износ од 522.812 илјади денари, за која во јануари и февруари 2020 година обезбедени се Завршен извештај од надзор на проектот, Одобрение за употреба[50] и Записник за примопредавање на изведбен проект[51]. Во февруари 2021 склучен е договор[52] со ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје за давање право на користење на недвижни ствари, со кој жичарата е преотстапена на времено користење без надомест. Иако објектот се користел во текот на 2020 година истиот не бил навреме ставен во употреба, поради што не била пресметана амортизација, како што е уредено со член 472 став 3 од Законот за трговски друштва;
- пресметана е амортизација на земјиште во износ од 222 илјади денари, иако со член 3 од Уредбата е пропишано дека за земјиштето не постои таква обврска. Оваа грешка настанала бидејќи земјиштето и деловниот простор не се евидентирани како посебни средства, во сметководствената и материјалната евиденција на друштвото, како што е уредено со МСС 16 точка 58;
- сторнирани се трошоци за амортизација во износ од 7.711 илјади денари за градежен објект кој е отстранет од сметководствената евиденција во РЕК Осломеј. Средството е поделено на три нови материјални средства (транспортни траки), при што две од нив повторно се евидентирани во РЕК Осломеј како градежни објекти, а едно е отстапено на РЕК Битола каде е евидентирано како постројки и опрема. Со повторното воведување во евиденција средствата се внесени со набавна вредност во која е вкалкулирана пресметаната акумулирана амортизација до денот на поделбата. Поради ваквиот начин на постапување на крајот на пресметковната година утврдена е разлика помеѓу материјалната и финансиската евиденција, како и нереално намалување на трошоците за амортизација. За средството кое е евидентирано во РЕК Битола, продолжило да се пресметува амортизација со примена на променета стапка, при што не е соодветно обелоденета природата и износот на промената на сметководствената проценка која има влијание на тековниот и идниот период, како што е уредено со МСС 8 - Сметководствени политики, промени во сметководствени проценки и грешки точка 39 и

[50] Одобрение за употреба од МТВ број 27 Уп-39/2020 Е од 25..02.2020 година
[51] Во текот на ревизијата прифатена е корекција и шестоседата жичара и истата соодветно е евидентирана на сметката Градежни објекти (точка 6.14. од извештајот)
[52] Договор за давање право на користење на недвижни ствари бр.03-466/1 од 04.02.2021

- трошоците за амортизација неосновано се прикажани во поголем износ за 571 илјади денари, поради погрешно евидентирање на трошоци за храна на вработени како трошоци за амортизација, што не е во согласност со член 472 став 4 од Законот за трговски друштва.

Со ревизијата утврдивме дека една од причините за појава на грешки во пресметките на амортизацијата е постоење на недостатоци во апликацијата за водење на постојани средства.
Наведените состојби укажуваат на несоодветна примена на МСС, како и законските прописи со кои се регулира начинот на пресметка на амортизацијата, што има влијание врз искажаните трошоци за амортизација во тековниот период, а со тоа и на реалното и објективно искажување на резултатот во финансискиот извештај - биланс на успех за 2020 година.

Во декември 2021 година од страна на надлежните лица доставени се спроведени корективни книжења, со кои пресметана амортизација искажана како расход во износ од 34.620 илјади денари и приходи во износ од 222 илјади денари, кои ќе имаат влијание на финансиските извештаи за 2021 година и резултатот од работењето за таа година.

Препорака
Надлежните органи за раководење и управување да преземат мерки и активности за навремено и точно пресметување и евидентирање на амортизацијата за сите средства со кои располагаат и воспоставување на ажурна евиденција за истите. Исто така, секоја промена во сметководствената проценка соодветно да се обелодени во извештаите.

4.3.10. Во АД ЕСМ Скопје инвестициите (реконструкција, адаптација или други вложувања со кои се зголемува корисниот век на употреба, капацитетот и функционалноста на материјални средства) во текот на годината се евидентираат како трошоци на сметките Услуги за одржување и заштита и Трошоци за резервни делови и материјали за одржување, наместо на сметката Материјални средства во подготовка. Според воспоставениот начин на евидентирање во АД ЕСМ Скопје, на крајот на годината, врз основа на направени прегледи на инвестиции по средства, трошоците се сторнираат и се евидентираат прво на сметката Материјални средства во подготовка, а потоа се активираат на соодветната сметка на материјалните средства. Ваквиот начин на евидентирање предизвикал кај некои средства, иако инвестициите биле завршени, ненавремено зголемување на нивната вредноста, што влијаело на искажување помал износ на трошоци за амортизација во текот на годината. Со извршениот увид во трговските книги за годината предмет на ревизија, констатиравме дека преку вака

воспоставени евидентирања, на крајот на годината вредноста на материјалните средства била зголемена во вкупен износ од 829.252 илјади денари.

Овој начин на евидентирање на инвестициите не претставува ажурно, навремено, хронолошко презентирање на настанатите трансакции, како што е уредено со член 472 став 3 од Законот за трговски друштва и влијае врз целосноста и комплетноста на прикажаните податоци во финансиските извештаи, како и на резултатот од работењето. Овие неправилности влијаат и на податоците во кварталните финансиски извештаи кои ги изработува АД ЕСМ Скопје и истите не обезбедуваат реални и објективни прикази за состојбите и трошоците, а со тоа може да влијаат на погрешни проценки во процесот на донесувањето на одлуки во друштвото.

Препорака

Надлежните лица за раководење и управување да го преиспитаат начинот на евидентирање на инвестициите во материјални средства и да преземат мерки за навремено и точно зголемување на основицата за пресметување на амортизација.

4.3.11. Во јануари 2017 година АД ЕСМ Скопје склучило договор со ЈП од Битола за снабдување со 12.000.000 $m^3$ сурова вода без претходен третман годишно, со важност од 5 години. Согласно договорот во 2020 година исплатени се 120.331 илјада денари без вклучено ДДВ. Со договорот е регулирано дека надоместокот за набавената вода корисникот ќе го плаќа месечно, по извршена испорака на вода за претходниот месец и достава на фактура. Цената на водата изнесува 10,02755 денари по $m^3$ без ДДВ на годишно ниво. Утврдените количини на вода и цената се согласно Пресметката за годишен надоместок за испорачана количина на вода од 16.07.2014 година, донесена со Одлука за давање согласност на Ценовникот за извршување на водостопански услуги за 2014 година на Владата на РМ[53]. Добавувачот во текот на цела година, фактурирал 1.000.000 $m^3$ вода месечно по договорената цена, при што за цела година има фактурирано 12.000.000 $m^3$ вода во износ од 120.331 илјада денари без ДДВ. Со извршениот увид на поткрепувачката документација кон фактурите (состојба на броилата изготвена од РЕК Битола) се констатира дека набавената количина на вода за 2020 година е 5.775.340 $m^3$, што е за 6.224.660 $m^3$ помалку во однос на прикажаната количина во фактурите. Оваа состојба не е во согласност со член 472 став 3 и став 4 од Законот за трговските друштва и има за ефект нереално исплатени повеќе трошоци за сурова вода без претходен третман, за потребите на РЕК Битола

[53] „Службен весник на РМ“ бр. 116/2014

во износ од 62.418 илјади денари без ДДВ.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да преземат мерки и активности за меѓусебно уважување на повеќе платените средства, како и преиспитување на одредбите од склучениот договорот за набавка на вода од ЈП со реално утврдување на количините на вода за потреби на термоелектраната во РЕК Битола.

4.3.12. Со користење на современа технологија и опрема за производство и експлоатација на утврдените рудни резерви на јаглен на површинските копови во РЕК Битола и РЕК Осломеј доаѓа до деградирање на земјиштето и уништување на растителниот свет. При ископот на откривката[54] и нејзиното одлагање во внатрешните и надворешните одлагалишта се менува вегетацијата, растителниот свет, земјиштето, режимот на површинските и подземните води и се загадува воздухот. Согласно одредбите од Законот за животната средина секое правно лице коешто спроведува активности е должно да преземе мерки за заштита и унапредување на животната средина и враќање на животната средина во задоволителна состојба, на начин утврден со решението со кое се одобрува спроведувањето на активноста. За таа цел во 2011 година била спроведена проценка за износот на обврската за рекултивација на деградирано земјиште во наредните 15 години за РЕК Битола и 5 години за РЕК Осломеј во вкупна вредност од околу 1.655.230 илјади денари. Секоја година во периодот 2011 до 2020 година вршени се резервирања[55] на трошоци за рекултивација (технолошка и биолошка рекултивација) на деградирано земјиште во РЕК Битола и РЕК Осломеј кои до 2020 година достигнале износ од 1.022.503 илјади денари[56]. Според доставените информации од февруари 2021 година, реализираните трошоци за извршена рекултивација на деградирано земјиште во РЕК Битола и РЕК Осломеј во период од 2012 до 2020 година изнесуваат вкупно 845.321 илјади денари.

Во февруари 2021 година УО донел Одлука за приходување на реализираната култивација и анулирање на дел од долгогодишните резервирања за рекултивација во РЕК Битола и РЕК Осломеј во период од 2012 до 2020 година, поради што во 2020 година спроведено е укинување на обврските во износ од

[54] Добивањето на јагленот во површинските копови е директно зависно од отстранувањето на јаловинските маси над јагленовите слоеви, т.н. откривка.

[55] Според ММС 37 точка 7 резервирања се дефинирани како обврски со неизвесен временски распоред или износ.

[56] Резервирања на трошоци за рекултивација на деградирано земјиште во РЕК Битола е 951.001 илјади денари и РЕК Осломеј 71.503 илјади денари.

845.321 илјади денари со нивно пренесување во приход. Одлуката е донесена повикувајќи се на МСС 37 точка 59 која предвидува „во случај кога не е повеќе веројатно дека за подмирување на обврската ќе биде потребен одлив на ресурси кои содржат економски користи, резервирањата треба да се анулираат“ и на новите планови на компанијата за изградба на фотоволтаични централи на локацијата на рудниците во РЕК Битола и РЕК Осломеј, со што натамошната рекултивација на земјиштето ќе се прави со нови содржини, кои согласно МСС 16 – Недвижности постројки и опрема ќе бидат вклучени во набавната вредност на инвестициите.

АД ЕСМ Скопје има усвоено сметководствена политика за „Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства“, која ги дефинира резервирањата и ги пропишува нивното признавање и процена, но со истата не е уреден начинот на постапување и евидентирање на реализираните резервирања и/или нивното анулирање.

Со ревизијата утврдивме дека активностите за рекултивација се вршеле истовремено со експлоатација на рудните резерви на јаглен на површинските копови за што сметководствено, повеќе години наназад, биле евидентирани трошоци по тој основ. При тоа, за износот на настанатите трошоци за рекултивација во годината кога се случиле, не било спроведено укинување (анулирање) на долгорочните обврски за резервирања, како што предвидува точка 59 од МСС 37 – Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства. Несоодветното сметководствено евидентирање на резервирањата и нивното укинување има влијание на двојно прикажани расходи (истовремено се прикажуваат расходи за резервирања за рекултивација и расходи за рекултивација на земјиштето во годините кога истите настанале), како и повеќе прикажани приходи во 2020 година за истиот износ. Поради не воспоставена аналитичка евиденција на расходите за рекултивација на земјиштето на годишно ниво, ревизијата не беше во можност износот да го квантифицира соодветно по години.

На ваков начин признавањето на резервирањата како приходи и расходи не е во согласност со член 469 и 472 од Законот за трговски друштва и влијае на реалното и објективно прикажување на резултатот од финансиското работење во периодот од 2012 до 2020 година, како и врз висината на платениот данокот на добивка во годините кога АД ЕСМ Скопје искажувал добивка од работењето.

Препорака

Одговорните лица во АД ЕСМ Скопје да преземат активности за дополнување на сметководствени политики на друштвото во делот „Резервирања, неизвесни обврски и неизвесни средства“ и нивно усогласување со МСС преку воведување на одредби со кои се регулира начинот на постапување и

евидентирање во случај кога резервираните средства се реализирани, како и кога повеќе не постои веројатност дека за подмирување на обврската ќе биде потребен одлив на ресурси и да се обезбеди правилна примена на истите.

## 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. Во трговските книги на АД ЕСМ Скопје, со состојба на 31 декември 2020 година искажани се аванси за набавка на материјални средства во износ од 457.135 илјади денари. Од нив 79% или 362.958 илјади денари претставуваат даден аванс на правно лице од Германија, за модернизација на Блок 1 како составен дел од проект за модернизација на котли во трите блока на АД ЕСМ Скопје подружница РЕК Битола. За таа цел, во декември 2011 година[57], бил склучен договор со вкупна вредност од околу 5.442.750 илјади денари (88,5 милиони евра). Како обезбедување на исплатените аванс до АД ЕСМ Скопје била доставена банкарска гаранција.

Во 2012 и 2013 година, за финансирање на 83% од вредноста на вкупниот проект, биле одобрени две кредитни линии од Deutsche Bank Aktiengesellschaft, а останатиот дел е финансиран со сопствено учество. Со првата кредитна линија (49,2 милиони евра) била финансирана модернизацијата на Блок 2 и Блок 3, додека со втората кредитна линија требало да се финансира модернизација на Блок 1 (24,3 милиони евра).

Реализацијата на модернизацијата на Блок 3 и Блок 2, завршиле во ноември 2012 година односно септември 2013 година. Од страна на АД ЕСМ Скопје и надворешниот консултант биле дадени забелешки за модернизацијата на Блок 2, додека за Блок 3 било обезбедено позитивно мислење и истото без забелешки било прифатено.

Од втората кредитна линија во 2014 година искористени се околу 139.294 илјади денари (2,3 милиони евра) за осигурување на одобрениот кредит за Блок 1. За останатиот дел од кредитот кој не е искористен, АД ЕСМ Скопје во континуитет од 2014 година до јуни 2020 година плаќа провизија во износ од 0,625% годишно од неповлечените, а одобрени средства и други трошоци[58] или вкупно 77.799 илјади денари (во 2020 година 5.005 илјади денари).

Според проценката на АД ЕСМ Скопје, добавувачот не ги исполнил договорените обврски за модернизација на блоковите, поради што во декември 2016 година, започнало арбитражна постапка[59] пред Меѓународниот суд за арбитража во Париз. Откако не била постигната вонсудска спогодба меѓу страните, во септември 2019 година, АД ЕСМ Скопје

[57] Договор бр. 08-6128/1 од 16.12.2011 година
[58] Провизија за државна гаранција, агенциски трошоци, камати на повлечени средства
[59] Арбитражна постапка МСК БР. 22481/МНМ

поднело тужба до трибуналот, за надомест на штета поради неисполнување на договорните обврски по неколку основи:

- неисполнети гарантни параметри за модернизација на Блок 2 и Блок 3 и
- предизвикани испади во работењето на блоковите кои довеле до прекини во нивната работа и причиниле штета во вид на изгубена добивка заради непроизведена електрична енергија.

Тужбеното барање е поставено на вкупен износ од околу 7.392.423 илјади денари (120,2 милиони евра), за надомест на штета вклучувајќи и законска казнена камата.

Во февруари 2020 година правното лице од Германија поднело одговор на тужба и против тужба за неосновано раскинување на договорот и неисполнување на договорните обврски, за што побаран е надомест на штета по следните основи:

- испуштена корист од неисполнување на договорот во врска со Блок 1,
- ненаплатени побарувања од негова страна за изведени дополнителни работи за Блок 2 и Блок 3 и
- неосновано активирање на банкарски гаранции.

Износот на против тужбеното барање е околу 969.117 илјади денари (15,8 милиони евра) за надомест на штета и законска казнена камата.

Поради започнатата судска постапка, АД ЕСМ Скопје, во период од 2017 до 2020 година има исплатено 162.229 илјади денари трошоци за застапување на две адвокатски друштва од Соединетите Американски Држави со седиште во Париз и од Кралството Велика Британија, од кои 52% или 83.620 илјади денари се исплатени во 2020 година. Овие трошоци во годината предмет на ревизија претставуваат 94% од вкупно евидентираните трошоци за адвокатски и нотарски услуги.

Во мај и јуни 2020 година, согледувајќи го значителниот износ на непродуктивни трошоци кои се исплатени по основ на наменски одобрениот кредит за модернизација на Блок 1 во РЕК Битола, УО и НО донеле Одлука[60] и Заклучок[61] за предвремена отплата на повлечените средства и откажување на неповлечените средства по договорот за кредит.

Во април 2021 година Меѓународниот арбитражниот суд во Париз донел одлука со која се задолжува АД ЕСМ на правното лице од Германија да му исплати вкупно 553.931 илјади денари (9 милиони евра) на име главен долг,

[60] Одлука на УО бр. 02-2244/145/1 од 13.05.2020 година
[61] Заклучок на НО бр. 02-2645/40/8 од 12.06.2020 година

адвокатски и други трошоци во постапка, трошоци за арбитражниот трибунал и законски казнена камата.

Со ревизијата утврдивме дека проектот за модернизацијата на Блок 1 во РЕК Битола не е реализиран и истиот предизвикал непродуктивни расходи во вкупен износ од 1.296.211 илјади денари (во 2020 година - 89.851 илјади денари). Најголем дел расходите или 55% претставуваат адвокатски трошоци за застапување во арбитражна постапка и трошоци кои произлегуваат од изгубената постапка, за кои АД ЕСМ Скопје нема признаено резервирање. 39% од расходите се по основ на исплатен аванс и повлечени кредитни средства за осигурување на кредитот и 6% платената провизија за неповлечени, а одобрени средства од кредитна линија за финансирање на овој проект. Ваквиот начин на постапување не обезбедува сигурност дека лицата кои се задолжени со управување и надзор на субјектот постапиле согласно правниот стандард за должно внимание на уреден и совесен трговец кое е пропишано во Законот за трговски друштва, а неефикасно искористените средства истовремено неповолно влијаат на ликвидноста и профитабилноста на субјектот.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење во АД ЕСМ Скопје да постапуваат согласно правниот стандард за должно внимание на уреден и совесен трговец. Своите постапки да ги темелат на истражување, планирање и целост застапување на интересите на субјектот.

4.4.2. Правилата за набавка на електрична енергија за универзалниот снабдувач[62] ги има донесено РКЕ врз основа на член 24 став 1 алинеја 11 од Законот за енергетика[63]. АД ЕСМ Скопје е производител на електрична енергија со најголем инсталиран капацитет во РСМ и е должен врз основа на член 237 од Законот за енергетика да му понуди на универзалниот снабдувач електрична енергија во утврдени процент од вкупните годишни потреби[64]. Во 2020 година АД ЕСМ Скопје треба да обезбеди 75% од вкупните годишни потреби за електрична енергија. Во случај на недостаток на електрична енергија, а се со цел да ги задоволи потребите на универзалниот снабдувач и сопствените потреби, АД ЕСМ Скопје врши набавка на електрична енергија и моќност[65].

[62] Универзален снабдувач EVN Home (ЕВН ХОМЕ)
[63] „Службен весник на РМ“ број 172/2018 и 126/2019
[64] 2019 година 80%, 2020 година 75%, 2021 70%, 2022 година 60%, 2023 година 50%, 2024 година 40% и 2025 година 30% од вкупните годишни потреби на електрична енергија
[65] Согласно член 70 точка 3 од Законот за енергетика има право да купува електрична енергија со цел да го оптимизира своето производство и ги минимизира трошоците на работењето

Поради недостаток на електрична енергија АД ЕСМ Скопје во 2020 година има извршено набавки на електрична енергија од ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје. Со увид во начинот на кој се реализирале набавките констатиравме дека постапките се спроведени со јавен повик од страна на едно лице-управител вработено во ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, врз основа на склучен договор за услуги за што добива провизија од 0,1 евро за MWh за извршената работа. Во 2020 година АД ЕСМ Скопје преку ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје има набавено недостаток на електрична енергија од 135.490 MWh по просечна цена од 56,93 евра, во вкупна вредност од 474.269 илјади денари (7,7 милиони евра).

АД ЕСМ Скопје е договорен орган и припаѓа на категоријата на секторски договорни органи од член 12 од ЗЈН. Согласно член 23 став 1 точка (10) од ЗЈН, одредбите од законот не се применуваат на „јавни набавки чиј предмет е набавка на енергија или гориво за производство на енергија, ако ги доделува договорен орган кој врши една или повеќе секторски дејности во кој е и електричната енергија". Со член 25 став 1 и 2 од ЗЈН е пропишано дека одредбите од законот не се применуваат при вршење набавка во секторските дејности на договорен орган од поврзано друштво, доколку најмалку 80% од просечниот промет на поврзаното друштво за претходните години потекнува од обезбедувањето такви стоки, услуги или работи на друштвата кои се поврзани со него. Во членот 25 точка (6) од ЗЈН е пропишано: „во случај кога набавката се врши согласно овој член правното лице на кое му е доделен договорот ги набавува стоките, услугите или работите со примена на ЗЈН без оглед дали е договорен орган". Имајќи ги во предвид горенаведените одредби како и тоа што ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје е поврзано лице и работи исклучиво врз основа на договори за услуги со АД ЕСМ Скопје односно најмалку 80% од просечниот промет на поврзаното друштво за претходните години потекнува продажба на електрична енергија, произлегува дека ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје при набавките на електрична енергија треба да ги применува одредбите од ЗЈН.

**Препорака**

Надлежните органи за управување и раководење на АД ЕСМ Скопје во соработка со БЈН да го усогласат начинот на набавка на недостаток на електрична енергија која се врши преку поврзаното лице ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје, како и да се разгледа можноста истата да се врши преку АД ЕСМ Скопје како договорен орган кај врши секторска дејност во областа на електричната енергија и е договорен орган кој е ослободен од примената на ЗЈН.

4.4.3. Во Годишен план за јавни набавки (ГПЈН) се вклучени: Планот за јавни набавки за тековното работење и Планот за набавки на опрема, услуги и работи за инвестиции. УО донесува Одлука за усвојување на ГПЈН која се потврдува од

НО, најдоцна до крајот на месец јануари за тековната година. Во АД ЕСМ Скопје воведен е систем ИСО 9001, во чии рамки е донесена Процедурата - Набавка[66] која го содржи Упатството за начин на спроведување на постапките за јавни набавки.
Со ГПЈН на АД ЕСМ Скопје во 2020 година планирани се 1.670 постапки, со вкупна проценета вредност од 15.112.060 илјади денари[67]. Проценетите средства за набавките за тековно работење изнесуваат 4.592.504 илјади денари и истите се реализирани 75%, додека набавките на опрема, услуги и работи за инвестиции изнесуваат 10.519.556 илјади денари, а нивната реализација е 6%.

Со ревизијата утврдивме слабости во начинот на планирање на постапките за јавни набавки кои се изразуваат на следниот начин:

- ГПЈН за 2020 година содржи 45 измени и дополнувања, што укажува на честа промена на деловните одлуки на друштвото во однос на своите потреби од набавки;
- вкупно 206 постапки во 2020 година се поништени, а како најчеста причина за поништување (72% од поништените постапки) е неподнесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда. Следна причина за поништување (12% од поништените постапки) е поради битни пропусти или недостатоци на тендерската документација. Наведеното може да укаже на недоволно истражување на пазарот, поради што на пазарот не постојат правни субјекти кои ги исполнуваат бараните критериуми во ТД;
- не се презентирани документи со кои се потврдува дека проценетата вредност на набавките се врши објективно, согласно потребите на дирекцијата и подружниците земајќи ги во предвид пазарните услови, можните опции и евентуални продолжувања или зголемувања на вредноста на договорот, како што е уредено со член 39 од ЗЈН. Ова е особено важно, ако се има во предвид дека дел од договорите се склучени на износот од проценетата вредност, наместо на постигнатата вредност по спроведената постапка, што не е согласно член 117 став 1 од ЗЈН (Прилог бр.1). При тоа, во случај кога со постапката за јавна набавка е постигната повисока цена, а договорот се склучува на износот од проценетата вредност, се набавуваат помалку количини од потребните, а за целосно

[66] П-К 840.101 без дата
[67] Извор на податоци: Извештај за работењето на Одделот за заеднички набавки за периодот 1 јануари -31 декември 2020 година со збирен преглед на јавни набавки за АД ЕСМ Скопје, каде во вкупниот износ на планирани и реализирани јавни набавки се вклучени и оние набавки кои се спроведени без примена на ЗЈН, односно со јавен повик.

задоволување на потребите се склучува анекс кон договорот со кој се зголемува неговата вкупна вредност.

Недостатоците во планирањето можат да предизвикаат нереално утврдување на потребите од набавки, што може негативно да се одрази на успешното функционирање на друштвото, квалитетно извршување на дејноста од јавен интерес и навремено справување со можните проблеми.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да обратат поголемо внимание на процесот на планирање на јавни набавки преку:

- реално согледување и образложување на потребите од набавки,
- документирање на начинот на утврдување на проценетата вредност (со определување количина и цена).

Исто така, вредноста на договорот по спроведената јавна набавка да се определи врз основа на критериумите за избор на најповолната понуда и/или вредноста од резултатите добиени на електронската аукција, а не во висина на износот на средствата обезбедени со Одлуката за јавна набавка и/или проценетата вредност во ГПЈН.

4.4.4. Во согласност со методата на избор на примерок во ревизијата утврдена во МСР 530, со ревизијата беа опфатени постапки за доделување на договори за јавни набавки согласно кои се склучени договори во 2020 година, како и во претходен период и истите имаат реализација во 2020 година. Со цел да обезбедиме разумна основа за целата популација, при тоа изземајќи ги набавките кои не подлежат на ЗЈН, опфативме набавки за кои се склучени договори во вкупен износ од 5.254.927 илјади денари без ДДВ. Нивната реализација во 2020 година изнесува 3.785.959 илјади денари[68] што претставува 57% од вкупно преземените обврски во таа година кои подлежат на ЗЈН (6.603.534 илјади денари).

Со увид во поединечните досиеја од спроведените постапки за доделување на договори за јавни набавки утврдивме:

4.4.4.1. Јавната набавка услуга од **Ангажирање на агенција за времени вработувања за потребите на РЕК Битола** е реализирана како отворена поедноставена постапка, за ангажирање на 282 лица за кои е обезбедена согласност од МФ[69]. Критериум во постапката е најниска цена на износ на провизија по единица вработен. За таа цел, склучен е договор[70] во износ од

[68] Податоците за реализација на договорите се доставени од АД ЕСМ Скопје.

[69] Известување, бр.18-11616/2 од 31.12.2019 година за привремени вработувања во период од 01.01.2020 до 31.12.2020 година

[70] Договор 04-2323/ од 07.04.2020 година

3.000 илјади денари во април 2020 и анекс на договорот во износ од 600 илјади склучен во март 2021 година. При тоа констатиравме дека во ТД во делот економска и финансиска состојба побарано е ЕО да поседува полиса за осигурување на лицата за надомест од професионален ризик од најмалку 1.000 илјади денари. Иако ЕО доставил полиса во износ од 308 илјади денари, неговата понуда комисијата не ја оценила како неприфатлива и истиот бил вклучен во евалуација на понудите. Ваквиот начин на постапување не е во согласност со член 109 став 6 од ЗЈН.

4.4.4.2. Со увид во постапката за **Изведба и надзор на истражно експлоатациони бунарски полиња во наоѓалиште за јаглен Брод-Гнеотино** (фаза 2), ЛОТ 1 - Изведба на истражно експлоатациони бунарски полиња во наоѓалиште за јаглен Брод- Гнеотино (фаза 2) за кој е склучен договор[71] во износ од 27.798 илјади денари без ДДВ, констатиравме дека постои забавена динамика во реализацијата на постапката и тоа: електронската аукција е закажана еден месец по отворањето на понудите[72]. Договорот е склучен по повеќе од 1,5 месеци од законски предвидениот рок, при што истечена е и важноста на понудата од 90 дена, што не е во согласност со член 112 став 4 од ЗЈН каде е уредено дека договорот се склучува во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата.

4.4.4.3. Јавната набавка за **Проектирање и изградба на објект шестоседа жичара на Ски центарот Попова Шапка** е реализирана како постапка со преговарање без објавување на оглас, при што склучен е договор[73] во износ од 492.375 илјади денари од март 2014 година без ДДВ и анекс кон договорот во мај 2014 година[74]. Со ревизијата констатиравме дека на оваа постапка и претходат две неуспешни постапки спроведени во 2012 година и 2013 година. Првата постапка започнува во 2012 година врз основа на Заклучок од Владата на РМ од мај 2012 година во кој се бара да се реализира тендер за набавка на половна шестоседна жичара. Наместо половна жичара, во Одлуката за ЈН како предмет на набавка е наведено „нова или користена 6-то седешница - жичарница", што е спротивно на наведениот Заклучок и донесената Одлука на УО на АД ЕСМ Скопје[75]. Откако оваа постапка е поништена, во август 2013 година донесена е Одлука за јавна набавка како отворена постапка во износ од 360.000 илјади денари. Поради неподнесена ниту една понуда или ниту една прифатлива понуда и оваа постапка за јавна набавка била поништена.

[71] Договор бр.11-39/6 од 03.06.2020 година
[72] Записникот од отворање е на 06.02.2020, а електронската аукција е закажана на 09.03.2020 година
[73] Договор бр.11-1536/1 од 10.03.2014 година
[74] Со Анексот кон договор бр.11-2940/1 од 09.05.2014 година кон договорот променети се начинот на плаќање.
[75] УО бр.02-2867/204/5 од 29.05.2012 година

Во декември 2013 година извршена е пренамена на средства и донесена е нова Одлуката за ЈН каде планираната вредност изнесува 500.000 илјади денари. Оваа постапка се спроведува како постапка со преговарање без објавување на оглас. На ревизијата не и беше презентирана Гаранција за квалитетно извршување на договорот од 10% од вредноста, ниту Банкарска гаранција за обезбедување на авансот што е спротивно на членовите 48 и член 49 став 3 од ЗЈН[76].

Инвестиционите активности на ски центарот започнале во јуни 2016 година, наместо во март 2014 година, поради необезбедена комплетна документација од надлежните институции. Иако носителот на набавката се обврзал истата да ја заврши во рок од 12 месеци од стапувањето во сила на договорот, односно до март 2015 година, проектот е завршен во февруари 2020 година, по добиено одобрение за употреба и негово примопредавање. Горенаведеното укажува на слабости во планирањето на долгорочни и инвестициони проекти за кои не се навремено добиени потребните одобренија, а при тоа не е обезбедена конкуренција на набавката како што уредено со член 2 од ЗЈН кој тогаш бил на сила.

4.4.4.4. Согласно постапката на **Ископ на јаглен, меѓуслојна и кровинска јаловина во ПЕ Рудник, РЕК Битола** , на 2.000.000 $m^3$ јаловина, во октомври 2019 година склучен е договор[77] за ископ во износ од 280.000 илјади денари. Во мај 2020 година склучен е анекс кон договор[78] со кој се вредноста на договорот е зголемена за 20% и изнесува 336.000 илјади денари без ДДВ. Со ревизијата го констатиравме следното:

- во Одлуката и огласот за јавна набавка не е точно и прецизно дефиниран предметот на набавка. Имено, како предмет на набавка е наведен ископ на јаглен и јаловина, а се работи за ископ само на јаловина, што влијае на бројот на економските оператори кои може да се јават како заинтересирани да учествуваат во постапката за набавка на услугата и обезбедување конкуренција и
- не е зголемена вредноста на банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот на износ од 9.912 илјади денари за склучениот анекс со кој е зголемена вредноста на договорот што не е во согласност со член 102 став 7 од ЗЈН.

---

[76] Закон за јавни набавки „Службен весник на РМ“ бр.24/12..15/13 ..148/13..160/13

[77] Договор бр.09р-5833/1 од 28.10.2019 година

[78] Анекс кон договорот бр.09р-2837/1 од 14.05.2020 година

4.4.4.5. Со увид во отворената постапката за набавка на **Гумени транспортни ленти со платно за ПЕ Рудници РЕК Битола** и склучениот договор[79] во август 2019 година на износ од 179.572 илјади денари без ДДВ го констатиравме следното:

- документацијата за докажување на личната способност на ЕО е со рок на издавање шест месеци по крајниот рок за поднесување понуди. Иако, во моментот на поднесување на понудата ЕО не ги исполнувал условите истата не била отфрлена како неприфатлива, што не е во согласност со член 95 став 6 и член 109 став 1 од ЗЈН;
- комисијата што ја разгледува личната способност има изработено групна изјава заедно со одговорното лице, што не е во согласност со член 38 од ЗЈН;
- техничката спецификација не е прецизна и не ја содржи потребната количина на транспортни ленти по видови, при што предмет на електронска аукција е вкупниот збир од поединечните цени, а договорот е склучен на вкупно обезбедените средства со Одлуката за ЈН, што не е во согласност со член 82 став 1 и член 117 став 1 од ЗЈН и не овозможува следење на поединечните количини на договорот;
- ДО ги известил понудувачите за извршениот избор на најповолна понуда по повеќе од еден месец од донесената Одлука за избор на најповолна понуда што не е во согласност со член 113 став 1 согласно кој е пропишан рок за известување три дена од денот на донесувањето на одлуката, освен во случај на управна контрола. Со увид во постапката констатиравме дека на ЕСЈН не е прикачена документацијата за направена управна контрола од страна на БЈН, како што е уредено во член 172 став 3 со кој е пропишано дека предмет на управна контрола треба да бидат постапките за набавка на стоки над 500.000 евра.

4.4.4.6. Постапката за доделување на договор за јавна набавка на **Резервни делови за багери и одложувачи за Рудници, РЕК Битола** е спроведена како отворена постапка и склучен е договор[80] на вкупен износ од 36.800 илјади денари без ДДВ, од кои на ДЕЛ 1 отпаѓа износ од 26.850 илјади денари и на ДЕЛ 3 износ од 9.950 илјади денари без ДДВ. Со ревизијата констатиравме дека во дел од техничката понуда се наведени конкретните производители од кои што треба да бидат набавени резервните делови, односно не е упатено на

[79] Договор 09р-4284/1 од 12.08.2019 година
[80] Договор за ДЕЛ 1 –специјални резерви делови за багер SRs 2000 и SRs 1300 и ДЕЛ 3 - специјални резерви делови за багер SRs(H) 1050 Takraf Tenova бр.09р-2042/1 од 05.04.2019 година

зборот „или еквивалентно“ што е спротивно на член 36 став 1 и став 2 од ЗЈН[81].

4.4.4.7. Отворената постапка за јавната набавка на услуга за **Изработка демонтажа и монтажа (со потребни испитувања) клуч на рака на прегревач 271 први степен секундарна пареа** е спроведена во РЕК Осломеј, по која склучен е договор[82] во јули 2019 година во вредност од 29.451 илјади денари без ДДВ го констатиравме следното:

- Одлуката за јавна набавка не е потпишана од одговорното лице и не ги содржи изворот на средствата потребни за реализација на договорот што не е во согласност со член 77 став 1 и 2 од ЗЈН;
- не се известени понудувачите за извршениот избор на најповолна понуда како што предвидува член 113 став 1 од ЗЈН;
- од страна на ЕО не е доставена изјава за техничката опременост односно доказ дека давателот на услугите ја има опремата за извршување на договорот на располагање, што не е согласно наведената ТД. Ваквиот начин на постапување не е согласно на член 109 став 6 од ЗЈН, поради што понудата во фазата на евалуација не била отфрлена како неприфатлива.

4.4.4.8. Со увид во начинот на кој е спроведена постапката со преговарање без објавување на оглас за набавка на **Услуга специјализирана работна рака за ремонтни активности за ПЕ Термоелектрани , РЕК Битола за 2019 година Дел 20 Турбоагрегат потребен за ремонтни активности на турбина и генератор**, за која е склучен договор[83] во јуни 2019 година во износ од 43.000 денари без ДДВ, ревизијата не се увери во потребата истата да се спроведе со преговарање поради крајна итност, предвидено во член 55 став 1 точка (г), а со тоа да се намали конкуренцијата од следните причини:

- во Одлуката за ЈН постапката за доделување договор за јавна набавка е предвидена како отворена согласно член 50 од ЗЈН, а на ЕСЈН е објавена како - постапка со преговарање;
- согласноста за спроведување постапка со преговарање без објавување на оглас под крајна итност од БЈН е добиена по одбиени три барања за согласност и истата е обезбедена четвртиот пат, при што во сите случаи доставено е истото образложение како причина од итност и

[81] Службен весник на РМ бр.136/07...83/2018
[82] Договор бр.11-26/8 од 22.07.2019 година
[83] Договор бр.09т-3303/1 од 13.06.2019 година

- набавката на Турбоагрегатот е дел од редовните ремонтни активности во РЕК Битола и истата со соодветно планирање може навремено да се предвиди.

4.4.4.9. Согласно двете отворени постапките за **Ископ на јаглен и меѓуслојна јаловина во ПЕ Рудник во РЕК Битола** , склучени се договори[84] на износ од 658.000 илјади денари и 326.000 денари без ДДВ. Со ревизијата утврдивме дека во ТД при докажување на техничката опременост не се бараат валидни сообраќајни дозволи на теренските возила – камиони, поради што како докази од ЕО се приложени сообраќајни дозволи со истечени рокови на важност што може да влијае на техничката исправност на возилата кои се ангажираат како и на ефикасноста на извршувањето на услугата.

4.4.4.10. Отворената постапка за набавка на услуга за **Ископ на кровинска јаловина во Рудник Брод Гнеотино во РЕК Битола** по која е склучен договор[85] за ископ на 1.500.000 $m^3$ на јаловина во износ од 280.000 илјади денари, констатиравме дека документите за докажување на личната способност на ЕО се издадени 14 месеци по доставување на понудата и не биле навремено доставени во периодот на евалуацијата на понудите што укажува дека во моментот ЕО не ги исполнувал условите односно понудата била неприфатлива, што не е во согласност со член 109 од ЗЈН. Исто така, подизведувачите на ЕО не доставиле докази за докажување на личната способност што не е во согласност со член 118 став 2.

4.4.4.11. Со увид во постапката за јавна набавка за **Услуга од ископ на јаглен, меѓуслојна и кровинска јаловина во ПЕ Рудници, РЕК Битола** за која во јуни 2019 година е склучен договор[86] на износ од 290.000 илјади денари за ископ на 2.400.000 $m^3$ јаловина го констатираме следното:

- не се исполнети условите за докажување на економско финансиската способност на носителот на набавката. Имено, оствареniот вкупен приход во последните три години е помал од предвидената вредност на набавката, што не е во согласност со член 162 од ЗЈН и истата требало да биде поништена согласно член 169 од ЗЈН како неприфатлива понуда;
- во ТД не се бараат валидни сообраќајни дозволи на теренските возила – камиони, поради што како докази од ЕО се приложени сообраќајни дозволи со истечени рокови на важност што може да влијае на техничката исправност на истите.

---

84 Договор бр.09р-2896/1 од 20.05.2019 година и Договор бр.09р-4853/1 од 04.09.2020 година
85 Договор бр. 09р-3337/1 од 15.06.2020 година
86 Договор бр.09р-3110/1 од 05.06.2019 година

4.4.4.12. Постапката за **Изработка на дренажни бунари и пиезометри со придружна опрема услуга од ископ на јаглен, меѓуслојна и кровинска јаловина во ПЕ Рудници, РЕК Битола** е спроведена како отворена постапка и во април 2020 година склучен е договор[87]. Со ревизијата констатиравме дека техничката спецификација во ТД е дадена по позиции во единечна мерка, односно не ги содржи количините предвидени со проектната програма, а договорот е склучен на 150.000 илјади денари, колку што изнесува и проценетата вредност во одлуката за јавна набавка. Ваквиот начин на дефинирање на техничката спецификација не е во согласност со член 82 од ЗЈН и не дава јасен приказ за количината и вредноста на работите кои треба да се изведат и не овозможува соодветно следење на реализацијата на договорот.

4.4.4.13. Постапката со преговарање со објавување на оглас за **Санација на армирано - бетонски плашт на разладна кула 2 и замена на азбест цементните елементи на росиштето на разладната кула Блок 2 со нови еколошки материјали – ДЕЛ 1** по што склучен е договор[88] во вкупен износ од 357.000 илјади денари. Во оваа постапка носителот на набавката е група понудувачи. Со ревизијата констатиравме:

- со понудата не е доставена потврда кој се издава за странско правно лице од страна на органот на државната управа надлежен за вршење на работите за уредување на просторот, предвидени во ТД, кои се повикуваат на член 42 од Законот за градење[89]. Со овој член се пропишани барањата кои треба ги исполнат странски правни и физички лице за да може во РСМ да ги вршат работите на проектирање, ревизија, изведување и надзор и
- во фазата на евалуација од страна на стручната комисија се доставени две различни технички мислења во врска со способноста на ЕО, негативно од 25.07.2019 година и позитивно од 09.08.2019 година, со различен датум и различен архивски број, поради што не може со сигурност да се потврди кое од нив е валидно.

Горенаведените состојби од точка 4.4.4. укажуваат на несоодветно постапување при изборот и доделувањето на договорите за јавна набавка што неповолно влијае на транспарентноста при доделувањето на договорите, не обезбедува конкуренција, еднаков третман, недискриминација меѓу економските оператори и рационално и ефикасно искористување на средствата. Ваквиот начин на доделување на договори за јавни набавки има влијание и на успешното остварување на целите на работење на друштвото.

[87] Договор бр.09р-2443/1 од 16.04.2020 година
[88] Договор бр. 08-4476/1 од 21.08.2019 година
[89] „Службен весник на РМ“ бр.130/09...168/18

Препорака

Надлежните вработени кои учествуваат во постапките за доделување на договори за јавни набавки да преземат мерки и да осигурат дека:

- изјавите за непостоење на судир на интереси да се потпишуваат поединечно од членовите на комисиите;
- ТД е изготвена на јасен, недвосмислен, целосен и неутрален начин и истата овозможува споредливост на понудите во однос на условите и барањата утврдени од ДО;
- при изработка на ТД да не се дефинираат техничките спецификации на стоките кои упатуваат на конкретно производство;
- стоките, услугите и работите во техничката спецификација да се дефинираат со количини кои правилно ги одразуваат потребите на ДО;
- во техничката спецификација кај потребата од видот на опремата за ископ на јаглен или јаловина да се бара валидни сообраќајни дозволи;
- постапката која се реализирана како отворена поедноставена постапка во прилог на понудата да се достави изјава за докажување на способноста или документи за утврдување способност;
- во фазата на евалуација на понудите да се проверува точноста, комплетноста и веродостојноста на документацијата со која се докажува/ат способноста/ите на понудувачите/подизведувачите и да се врши елиминација на понудите кои не се валидни и се неприфатливи;
- за извршениот избор на ЕО, понудувачите навремено да се известуваат односно во рок од три дена од денот на донесувањето на одлуката;
- склучување на договорите во рок од 30 дена од денот на конечноста на одлуката за избор, но не подоцна од периодот на важност на понудата;
- навремено да се обезбедуваат банкарски гаранции од страна на ЕО;
- за постапките за кои е потребно управна контрола да се воспостави редовна комуникација со БЈН како и да се врши редовното прикачување на документација на ЕСЈН и
- набавките кои можат да се предвидат односно претставуваат редовни активности да се спроведуваат со соодветна постапка, односно постапките со преговарање да се вршат во исклучителни ситуации согласно законските одредби.

4.4.5. Во АД ЕСМ Скопје, Подружницата РЕК Битола, во 2020 година присутна е појава на давање на согласности на правни субјекти – доверители, истите да можат нивните побарувања од АД ЕСМ Скопје да ги заложат како гаранција во деловните банки со цел добивање на кредит. Имено, доверителите доставуваат

барање за согласност до АД ЕСМ Скопје во кое ги наведуваат: банката во која имаат намера да засноваат заложно право, причините поради кои им е потребна согласноста, склучените договори со АД ЕСМ Скопје во кои тие се носители на набавката и сметките во банките каде треба да се вршат идните плаќања. Врз основа на барањата АД ЕСМ Скопје издава согласности во кои меѓу другото се наведува дека фактурите ќе бидат платени во корист на доверителите на сметка и банка каде се врши залогот. При тоа, се изготвува Нотарски акт – Договор за залог врз паричните побарувања, помеѓу банката како заложен доверител и субјектот кој го дава залогот како заложен должник, по што нотарот со писмено известување го известува должникот - АД ЕСМ Скопје.

Со ревизијата утврдивме дека можноста за давањето на согласност на доверителите да засноваат заложно право на своите побарувања од друштвото, се врши врз основа на однапред предвидена одредба од склучените договори за јавни набавка, според која „правата и обврските по склучените договори, договорните страни немаат право да ги пренесат на трето лице без заедничка писмена согласност“.

Неоспорувајќи ја можноста од засновување на заложно право врз побарувања уредено со член 1 од Законот за договорен залог[90], се поставува прашањето од потребата на ваква одредба во моделот на договор при спроведување на постапки за доделување на договори за јавна набавка, во услови кога не се познати ЕО со кој ќе биде склучен договорот. Кон ова се надоврзува и фактот дека со ЗЈН, не се пропишани одредби за давање на залог на побарувањата на економските оператори како и истите да се дел од одредбите од склучените договори за јавни набавки.

Истакнуваме дека давањето на согласности за залог на побарувањата на ЕО кои се јавуваат во постапките за јавни набавки кај АД ЕСМ Скопје не соодветствува со барањата во ТД од причина што е потребно истите да се ликвидни.

Препорака

Надлежните органи за управување и раководење да ги изземат одредбите од договорите за јавна набавка врз основа на кои се издаваат согласности за обезбедување на залог на побарувањата кои ги имаат кон доверителите.

### Основ за изразување на мислење

Вкупниот ефект од изнесените наоди, кои се основ за изразување мислење, во точките 4.2., 4.3 и 4.4. се однесуваат на:

[90] Закон за договорен залог („Службен весник на РМ бр.5/03...61/16)

- не прецизни одредби во дел од барањата и описот на работните задачи пропишани со актот за организација и систематизација;
- поседување нецелосна и јасна документација за земјиштето и градежните објекти;
- утврдена неусогласеност во износ од 1.432.006 илјади денари, меѓу основната главнина евидентирана во трговските книги на друштвото (прикажан поголем износ) и запишаниот и уплатен капитал во Централниот регистар на РСМ и Централен депозитар за хартии;
- нецелосно спроведен попис на средствата и обврските на крајот на годината;
- несоодветно постапување и евидентирање на расходот утврден со пописот, поради што состојбата на ситниот инвентар и автогуми за 13.158 илјади денари е прикажана во помал износ од реалниот;
- количинска и вредносна неусогласеност меѓу мазутот евидентиран во материјалната евиденција и истиот искажан во пописните листи во износ од 62.650 илјади денари;
- грешки во износ од 2.136.230 илјади денари во воспоставената материјална евиденција на постојаните средства поради што истата не е усогласена со сметководствената евиденција;
- поради отсуството на проценка на незавршени инвестиции, истите не се реално и објективно прикажани во билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година;
- отсуство на поткрепувачка документација за потврдување на правниот основ, реалноста и објективноста на долгорочните финансиски средства, нивното вредносно усогласување и можност за наплата во износ од 623.900 илјади денари;
- отсуство на податоци за АВР и ПВР во билансот на состојба на ден 31 декември 2020 година во износ од 7.859.491 илјади денари;
- помалку искажани трошоци за амортизација;
- повеќе исплатени трошоци за сурова вода без претходен третман, за потребите на РЕК Битола во износ од 62.418 илјади денари;
- несоодветно воспоставената евиденција на резервирања за рекултивација на деградирано земјиште и нивното анулирање влијае на двојно прикажување на расходи во претходниот период, како и погрешно прикажување на приход од резервирања во 2020 година во износ од 845.321 илјади денари;
- нереализиран проектот за модернизацијата на Блок 1 во РЕК Битола, при што истиот предизвикал значителен износ на непродуктивни расходи и
- утврдени се неправилности во начинот на планирање и доделување на договорите за јавни набавки и во одредбите на склучените договори.

## 5. Ревизорско мислење

### Мислење за финансиски извештаи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.3. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост на ден 31 декември 2020 година како и финансиската успешност и паричните текови за годината која завршува со тој датум, во согласност со применливата рамка за известување.

### Мислење за усогласеност со закони и прописи

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точката 4.2 и 4.4. активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Нагласување на прашања за неизвесност и континуитет

6.1. Интегрирано спречување и контрола на загадувањето е систем на издавање еколошки дозволи[91] на одредени индустриски активности меѓу кои и енергетиката. Согласно Законот за животната средина операторите со инсталации чии активности имаат влијание на животната средина, се должни да обезбедат интегрирана еколошка дозвола (ИЕД) или доколку се работи за постоечки инсталации[92], треба да обезбедат дозвола за усогласување со оперативен план (ДУОП) како услов за продолжување, односно отпочнување на работата на инсталацијата, до исполнување на условите за добивање на ИЕД. Оперативниот план кој е составен дел на ДУОП содржи мерки, фазни решенија и рокови за постигнување на условите за добивање на ИЕД. Со него меѓу другото се определени финансиските средства за реализација на активностите по фази,

[91] Дозвола е дел од пишана одлука или цела пишана одлука (или неколку такви одлуки) со којашто се дава овластување за работа на целата или на дел од инсталацијата, во согласност со одредени услови, со кои се гарантира дека инсталацијата е усогласена со барањата утврдени во законските регулативи. Дозволата може да биде: А-ИЕД и Б-ИЕД.

[92] Постоечка инсталација, во однос на интегрирани еколошки дозволи, е инсталација која што е оперативна, односно работи пред 1 јули 2007 година.

граничните вредности на емисиите на загадувачките супстанции, мониторингот и начинот на известување. Законските одредби пропишуваат оперативниот план да се исполни во период не подолг од 12 месеци, но не подоцна од 1 април 2014 година. По исклучок, согласно Законот за животна средина Владата на РСМ може да утврди дополнителен рок за поединечната постоечка инсталација кој не може да биде подолг од 1 април 2019 година.

АД ЕСМ Скопје има три термоелектрани од кои две[93], согласно Уредбата[94], спаѓаат во групата „Енергетика – согорувачки инсталации со номинален топлински влез поголем од 50 MW" и за работа на истите треба ИЕД. РЕК Битола и РЕК Осломеј согласно законските одредби се дефинирани како постоечки инсталации и за нив е предвидено да обезбедат А-ДУОП, како услов за продолжување на работата на инсталацијата, до целосно исполнување на условите за добивање на А-ИЕД. За двете термоелектрани на крајот на 2007 година поднесени се барања до МЖСПП за добивање ДУОП, но до периодот на вршење на ревизијата истите не се обезбедени, бидејќи не се реализирани активностите од оперативните планови. Од обезбедената информација за хронолошки преземените активности за исполнување на оперативниот план во РЕК Битола, утврдивме дека постојат повеќе годишни периоди кога немало никакви дејствија (декември 2007 година – април 2010 година и април 2014 година – февруари 2018 година), при што не беа образложени причините за застој на активностите.

Во меѓувреме Владата на РСМ во март 2014 година[95] донела заклучок, рокот за обезбедување ДУОП за термоелектраните да се продолжи до 31.12.2017 година. Во декември 2015 година, согласно одредбите од Законот за квалитет на амбиенталниот воздух, Владата на РСМ го усвоила Национален план за намалување на емисиите на сулфур диоксид, азотни оксиди и прашина од

---

[93] **РЕК Битола**, кој претставува најголем производствен капаците на електрична енергија во РСМ, составен е од три блока (Термоелектрана Битола I, II и III) со моќност од по 233 MW по блок и нето годишно производство од околу 1.200 GWh по блок. Блоковите се ставени во функција во периодот 1982 – 1988 година и **РЕК Осломеј** со инсталирана моќност на блокот од 125 MW, кој започнал да функционира 1980 година.

[94] Уредба за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола, односно дозвола за усогласување со оперативен план и временски распоред за поднесување на барање за дозвола за усогласување со оперативен план Службен весник на РМ бр.89/2005.

[95] Извадок од Нацрт-записникот од 194-тата седница на Владата на РСМ одржана на 26.03.2014 година според кој Владата на РСМ ја усвоила Информацијата за Одлуката на Министерскиот совет на енергетската заедница во врска со имплементацијата на Директивата 2001/80/ЕЗ за ограничување на емисиите на одредени загадувачи на воздухот од големи согорувачки постројки во делот на дозволите за усогласување со оперативен план.

постојните големи согорувачки инсталации (НПНЕ)[96] со кој им препорачала на операторите да ги обезбедат потребните финансиски средства за модернизација/десулфуризација на инсталациите и го задолжила МЖСПП одредбите од планот да ги вклучи во ДУОП на големите согорувачки инсталации. Во април 2017 година[97] Владата на РСМ го усвоила ревидираниот НПНЕ, кој согласно Одлуката на Енергетската Заедница[98] определила дополнителен рок до 2027 година за усогласување на големите согорувачки инсталации со регулативата[99]. Ревидираниот НПНЕ ги дефинира вкупните емисиони горни граници за сулфур диоксид, азотни оксиди и прашина за периодот од 2018 до 2027 година и ги обврзува големите согорувачки инсталации, во кои спаѓаат термоелектраните на АД ЕСМ Скопје, прогресивно да ги намалуваат националните годишни емисии на загадувачките супстанции.

Со ревизијата утврдивме дека во РЕК Битола отпочнати се активности за модернизација на наведените инсталации со цел исполнување на оперативниот план и добивање ДУОП. Некои од активностите се реализирани за што се потрошени околу 3.776.192 илјади денари (61,4 милиони евра), дел се реорганизирани и припоени кон други активности, а поголем дел за чија реализација се потребни околу 9.619.154 илјади денари (156,4 милиони евра) се уште не се започнати. Најголемите незапочнати инвестиции се однесуваат на изградба на постројка за десулфуризација (планирана вредност од 122 милиони евра) и за прифаќање, транспорт, прочистување и испуштање на технолошки, фекални и атмосферски води (планирана вредност од 9 милиони евра).

Иако до сега се вложени напори и финансиски средства за реализација на оперативниот план и истите се подржани со донесувањето на Стратегијата за развој на енергетиката до 2040 година, во оваа фаза тие сеуште се недоволни за редукција на загадувачките супстанции. Имено, месечните извештаи од извршена контрола на емисии од загадувачки супстанции, во периодот од 2019 до 2021 година, содржат податоци за надминување на емисијата на сите загадувачки супстанци во воздухот над максимално дозволените гранични

---

[96] Извадок од Нацрт-записникот од 133-тата седница на Владата на РСМ одржана на 29.12.2015 година според кој Владата на РСМ го усвои Националниот план за намалување на емисии на сулфур диоксид ($SO_2$), азотни оксиди ($NO_x$) и прашина од големи согорувачки инсталации.

[97] На 104 седница одржана на 11.04.2017 година, Владата на РСМ, го усвоила ревидираниот Национален план за намалување на емисии на сулфур диоксид ($SO_2$), азотни оксиди (NOx) и прашина од постојните големи согорувачки инсталации во РСМ. Планот е изработен и ќе се спроведува согласно член 4(6) од Директивата 2001/80/ЕС адаптирана со член 5 на Одлуката D/2013/05/MC-EnC и со политичките упатства од Секретаријатот на Енергетската заедница за подготовка на Национални планови за намалување на емисиите PG 03/2014/19 декември 2014 година.

[98] РМ е потписник на Договорот за основање на Енергетска заедница во 2005 година, кој е ратификуван од страна на Собранието на РСМ во јули 2006 година и согласно истиот е должна да го усвои законодавството на ЕУ и спроведува директивите од областа на енергетиката.

[99] Директива за национални граници плафони 2001/81/ЕЗ.

вредности. Тие надминувања посебно се однесуваат на сулфур диоксидот кој во просек бележи зголемување над десет пати од дозволените гранични вредности. Во Прилог бр.2 дадени се детални информации за измерените вредности на емисиите на сулфур диоксид, азотни оксиди и прашина во РЕК Битола во периодот 2019 – 2021 година.

Наведеното укажува дека иако РЕК Битола претставува најголема постројка за производство на електрична енергија на национално ниво, чии инсталации се уште не се надградени со најдобрите достапни технологии за намалување на сулфур диоксид и прашина, користи лигнит со низок квалитет (кафеав јаглен), модернизацијата на блоковите се одвива бавно и се уште е неизвесно кога истата ќе заврши. Како краен ефект од активностите на инсталациите е штетното влијание кое го предизвикуваат врз здравјето на луѓето и животната средина.

Со ревизијата укажуваме на потребата, надлежните органи за управување и раководење да продолжат со започнатите активностите за обезбедување на ИЕД како единствен пристап кој овозможува целосно да се опфатат и регулираат влијанијата на инсталациите и нивните активности врз животната средина.

6.2. Годишната инвестициска програма (ГИП) за 2020 година е донесена со Одлука[100] на УО и одобрена со Одлука[101] од НО. Со оваа програма биле планирани инвестициски активности и извори за финансирање на истите во износ од 7.563.276 илјади денари, наменети за големите проекти и инвестициски вложувања во подружниците и дирекција на АД ЕСМ Скопје. Согласно насоките дадени од Владата на РСМ за намалување на трошоците, поради пандемијата предизвикана од КОРОНА-19 вирусот, донесена е нова редуцирана ГИП за 2020 година, намалена за 66% од првично планираните инвестициски активности и истата е во износ од 2.543.822 илјади денари.

Реализацијата на ГИП во 2020 година се одвивала согласно тековните финансиски можности на АД ЕСМ Скопје и расположливоста на планираните надворешни финансиски извори (кредити и грантови). Оперативната реализација на инвестициските активности се одвивала според веќе воспоставена процедура, со обезбедување на согласности од управните и надзорните органи на друштвото за започнување на инвестициските активности, со цел динамиката да се одвива во согласност со расположливите финансиски средства. Во 2020 година реализирани се инвестиции во вкупен износ од 1.421.903 илјади денари или 56% од редуцираната планирана вредност на инвестициските активности за 2020 година (19% во однос на првично

[100] Одлука на УО бр. 02-288/133/1 од 20.01.2020 година
[101] Одлука на НО бр. 02-361/38/2 од 23.01.2020 година

донесената ГИП).
Во продолжение на графички начин е прикажан односот меѓу планираните и реализираните инвестиции и нивното менување во периодот од 2016 до 2020 година.




Планирани вредности од Годишните инвестициони програми и нивна реализација во период од 2016 до 2020 година (во 000 денари)

Планираните инвестициски активности најчесто се однесуваат на големи проекти, активности за замена на постојната застарена опрема, реконструкции за зголемување на капацитетите, технолошка модернизација, воведување на нови технологии на производство на електрична енергија и проекти за истражување и развој. Од графичкиот приказ се воочува дека во целиот анализиран период, ГИП покажува низок степен на реализација во однос на планираните инвестициски активности, што не овозможува подобрување на техничко-оперативните, комерцијалните, финансиски и организациски активности на друштвото. Нецелосно исполнување на планираните активности има влијание врз ефикасноста на системите и подобрувања на производството на електрична енергија. Ревизијата укажува дека се потребни реални, објективни и стабилни планирања при вложување на средства во проекти, инфраструктура и опрема.

6.3. Обрнуваме внимание дека АД ЕСМ Скопје, во постапка пред надлежните судови се јавува во својство на тужител или тужена странка во вкупно 2.025 судски предмети. Заклучно со 30 септември 2021 година, според податоците доставени од Секторот за правни и општи работи, Оддел за правни работи за судските постапки констатиравме дека:

- АД ЕСМ Скопје во својство на тужител се јавува во 31 предмети по кои вкупните побарувања изнесуваат 2.240.556 илјади денари. Најголемите износи кои претставуваат 91% од вкупното побарување или 2.040.769 илјади денари се водат по три судски постапки за неподмирен долг и камати, со акционерско друштво во државна сопственост. Анализирајќи го бројот и видот на судските постапки констатиравме дека, 14 предмети се по основ на постапки против физички и правни лица за неподмирен долг и камати, 5 предмети се за надомест на штета, 2 предмета се за смеќавање на владение, а останатите се по други основи. Две судски постапки, со побарувања за неподмирен долг во вредност од 41.258 илјади денари се водат против правни лица кои имаат отворено стечајна постапка;
- АД ЕСМ, Подружница Енергетика-Скопје во својство на тужител се јавува во 1.862 предмети против физички и правни лица, по основ на неподмирен долг за парно греење во вкупен износ од 64.370 илјади денари. За најголем дел од предметите поднесени се барања за извршување пред извршител;
- во својство на тужена странка АД ЕСМ Скопје се јавува во 132 предмети по кои главниот долг изнесува вкупно 1.038.974 илјади денари. Најголем дел од вредноста на тужбеното барање или 55% се однесува на неподмирен долг, додека 44% се за надомест на штета. Според бројот и видот на судската постапка констатиравме дека 63 предмети се однесуваат на работни спорови, 36 предмети се за надомест за причинета штета, 28 постапки се водат за неподмирен долг, додека останатите 5 се по други основи. Истакнуваме дека 15 судски постапки се покренати од Самостојниот синдикат на работниците од енергетика, рударство и индустрија на Република Македонија за надомест на причинета штета и неподмирен долг во износ од 89.779 илјади денари, додека една судска постапка е со акционерско друштво во државна сопственост (истото друштво кое е наведено во алинеја 1) каде тужбеното барање изнесува 368.536 илјади денари;
- постојат 19 добиени судски пресуди во корист на АД ЕСМ Скопје, со вкупна вредност од 535.427 илјади денари, за кои во претходниот период се отпочнати извршни постапки, но истите се уште не се извршени. За дел од нив (5 судски пресуди) со акционерско друштво во државна сопственост и вкупен износ на долг од 339.947 илјади денари, поднесените барања за извршување во 2016 година се повлечени. За неизвршените и повлечените барања за извршување на ревизијата не и беа доставени образложенија.

Ревизијата смета за потребно да истакне дека за наведените судски постапки кои се уште се водат пред надлежните судови и до денот на ревизијата конечниот исход не е познат, постои неизвесност во однос на финансиските импликации кои тие ќе ги предизвикаат врз работењето на друштвото. Исто

така, не обезбедуваме разумно уверување во однос на потребата од меѓусебно утужување на акционерски друштва кои се во државна сопственост и создавање на дополнителни трошоци за застапување од адвокатски друштва, без притоа да се бара постапување од Владата на РСМ, која ги врши правата и обврските на Собрание на друштвата.

6.4. Ревизијата смета за потребно да информира за трансакции кои се случиле во 2020 година, а придонеле за исплата на значителен износ на финансиски средства. Имено, во периодот март-април 2020 година во финансиската и материјална евиденција на АД ЕСМ Скопје на сметката Градежни објекти евидентирано е зголемување на набавната вредност во износ од 127.899 илјади денари, кое се однесува на купување на недвижен имот (деловни простори[102] со површина од 2.414м² и дворно место – земјиште[103] со површина од 761 м²) од ЕВН Македонија АД Скопје во централното подрачје на Скопје. Во ноември 2019 година ЕВН Македонија АД Скопје до АД ЕСМ Скопје, врз основа на извршена Проценка[104], со Подавка[105] преку нотар доставил Понуда[106] за продажба на недвижен имот. Понудата е доставена во согласност со одредбите од член 33 од Законот за сопственост и други стварни права како и согласно член 521 од Законот за облигациони односи, во кои е утврдено право на првенство на купување на сосопственикот на недвижниот имот. На третата седница[107] на Владата на РСМ, таа го задолжила АД ЕСМ Скопје, да започне постапка за купување на недвижен имот според доставената понуда од ЕВН Македонија АД Скопје. Врз основа на насоките од Владата, донесени се одлуки за започнување и спроведување на постапката за набавката на недвижниот имот од УО[108] и одобрување на одлуката од НО[109]. Врз основа на претходните одлуки, УО во февруари 2020 година донел Одлука[110] за набавка на основно средство-градежен објект со вредност од 110.470 илјади денари и земјиште со вредност од 13.317 илјади денари без вклучен ДДВ од 18%. По спроведената постапка во март 2020 година склучен е Договор[111] за купопродажба на недвижен имот и извршена

[102] Имотен лист бр.100696 КО Центар 1 на КП бр.12068/1
[103] Имотен лист бр.9223 КО Центар 1 на КП бр.12068/1
[104] Процена бр.5-265/19 од 27.11.2019 од РСМ-Министерство за правда-Биро за судски вештачења
[105] Подавка бр.03-2626/1 од27.11.2019 година започната е постапка за продажба на недвижен имот
[106] Понуда за купување на недвижен имот бр.02-5835/1 од 28.11.2019 година
[107] Извадок од Нацрт записник на третата седница бр.44-17/3 од 14.01.2020 година
[108] Одлука на УО бр.02-288/133/13 од 20.01.2020 година за започнување постапка за набавка на основни средства-недвижен имот (деловен простор и земјиште) и Одлука УО бр.02-417/134/1 од 23.01/2020 година за спроведување на постапката за набавка на недвижен имот
[109] Одлука за одобрување на претходна одлука од НО бр.02-361/38/4 од 23.01.2020 година
[110] Одлука на УО бр.02-640/135/1 од 04.02.2020 година за набавка на основно средство-недвижен имот
[111] Договор за купопродажба на недвижен имот бр.03-1399/1 од 10.03.2020 година

солемнизација[112]. Со извршеното купување во деловните книги на АД ЕСМ Скопје евидентиран е недвижен имот, за кој е платен данок на промет на недвижности во износ од 4.112 илјади денари, во согласност со Решение издадено од Сектор за финансиски прашања на Град Скопје[113].

На ревизијата не и се презентирани информации за потребата од купување на наведениот недвижен имот, посебно ако се има во предвид дека од 2013 година започнати се активности за изградба на нова административна зграда во која треба да биде сместена дирекцијата на АД ЕСМ Скопје, а и реновирањето на фасадата на постојната административна зграда е откажано.

6.5. Во декември 2018 година склучен е Колективен договор на АД за производство на електрична енергија, електрани на Македонија, во државна сопственост меѓу претседателот на Синдикалната организација на АД ЕСМ Скопје и претседателот на УО на АД ЕСМ Скопје, со кој се уредени правата и обврските на потписниците, правните правила со кои се уредува склучувањето, содржината на престанокот на работните прашања и други прашања од работни односи или во врска со работни односи. Во делот XV – Синдикатот и друштвото во член 170 став 2 точка 3 предвидено е друштвото да создаде услови за работење на Синдикатот меѓу кои „од средствата за работа на друштвото да се обезбедат средства за работа на Синдикатот во висина до 2% од средствата на бруто исплатените плати во друштвото во претходната година“. Истовремено, уредено е овие средства да се користат за стручно оспособување и образование на членовите на Синдикатот, за вршење на синдикалните функции, помош на работници, организирање и присуство на конгреси, семинари и курсеви за реализација на синдикалните активности, соработка со синдикатите на други земји, меѓународни синдикални организации, учество на работниците на спортски и културни манифестации и други синдикални активности предвидени со годишна програма на Синдикатот. Со ревизијата утврдивме дека од сметката на АД ЕСМ Скопје, по претходно донесена одлука од УО, по овој основ во годината предмет на ревизија исплатени се вкупно 48.000 илјади денари или 4.000 илјади денари месечно. Имајќи во предвид дека од страна на синдикалните органи не беше доставена годишна програма за работа на Синдикатот, а доставениот записник од членовите на надзорниот одбор на Синдикатот за начинот на кој доделените средства се искористени е наративен, односно не содржи финансиски податоци, не бевме во можност да ја потврдиме висината на потрошените средства и дали истите биле искористени за намените утврдени со Колективниот договор и годишната програма на Синдикатот.

---

[112] Солемнизација - Потврда на приватна исправа на Договор за купопродажба на недвижен имот ОДУ бр.636/2020 од 24.04.2020 година од нотар Зафир Хаџи-Зафиров

[113] Решение бр.10/20-343540 од 01.04.2020 година издадено од Сектор за финансиски прашања на Град Скопје

Истакнуваме дека со овој начин на финансирање, каде најголем дел од средствата за работа на Синдикатот ги обезбедува работодавачот, може да се доведе во прашање неговата независност и самостојност при донесувањето на одлуки и да претставува ограничувачки фактот при застапување на интересите на своите членови, што не е согласно член 2 од Статутот на Синдикалната организација. Истовремено, расходите по овој основ имаат влијание на ликвидноста на АД ЕСМ Скопје.

Ревизијата упатува на потребата надлежните органи на управување на друштвото да ја преиспитаат висината на средствата кои се исплаќаат за Синдикатот, како и потребата од доставување на извештај за наменското трошење на средствата, заедно со поткрепувачка документација како потврда за потрошените средства.

6.6. Сметаме за потребно да обелодениме дека на сметката Останати побарувања евидентирани се побарувања по дадени заеми од повеќе субјекти[114] во вкупен износ од 134.749 илјади денари. Со увид во трговските книги и поткрепувачка документација со која располага АД ЕСМ Скопје ги утврдивме следните состојби:

- во периодот од 2017 до 2019 година дадени се заеми[115] на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје во вкупен износ од 193.685 илјади денари, кои поради неликвидност, друштвото не било во можност да ги врати. Поради тоа, во декември 2020 година УО донел Одлука[116] за трансформација на дадените заеми во влог, со зголемување на основната главнина на АД ЕСМ Скопје во ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, при што Собранието на АД ЕСМ Скопје односно Владата на РСМ нема донесено одлука за наведената трансформација;
- за побарувањата по дадени заеми од две ЈП основани од Владата на РСМ, во износ од 8.556 илјади денари, во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор на АД ЕСМ Скопје за 2006 година е истакнато дека потекуваат од 2003 година, за истите биле започнати судски постапки и со делбениот биланс останале во евиденцијата на АД Електростопанство. Иако во 2012 година за нив е извршено вредносно усогласување, надлежните вработени кои ги водат трговските книги на АД ЕСМ Скопје не располагаат со податоци за нивниот статус, односно можноста од нивна

[114] Друштвото за туризам, угостителство, рекреација и спорт ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, Фабрика за одржување ремонт и транспорт ФОРТ ДООЕЛ Осломеј кои се основани од АД ЕСМ Скопје, ЈП и АД во државна сопственост

[115] АД ЕСМ Скопје врз основа на склучени договори, има дадено заеми на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ и тоа: во 2017 година дадени се заеми во износ од 26.685 илјади денари, 2018 година 70.000 илјади денари и 2019 година 97.000 денари.

[116] Одлука на УО број 02-5265/178/9, одобрена со Одлука на НО бр.02-5383/5 од 23.12.2020 година.

идна наплата и истите се уште се водат во сметководствената евиденција на друштвото;

- во периодот 2017 – 2021 година склучени се шест договори и анекси кон договорите со две АД во државна сопственост на кои им се одобрени заеми во вкупен износ од 121.700 илјади денари (Прилог бр.3). Во одредбите од склучените договори (со исклучок на еден договор) наведени се крајните рокови кога заемот треба да се врати, не прецизирајќи ја динамиката на плаќање на долгот, поради што позајмените средства се уште не се вратени. Единствено договорот за заем, кој е склучен во 2017 година, каде е уредено враќањето на долгот да се спроведува со отплата на месечни рати, платена е само првата рата во вкупен износ од 1.042 илјади денари. Со ревизијата констатиравме дека воспоставена е пракса пред истекување на крајниот рок на враќање на долгот истиот да се продолжи со склучување на анекс кон договорот. При тоа, за дел од склучените анекси не се презентирани документи со кој ќе се потврди дека Владата на РСМ на седница расправала за продолжувањата на рокот за враќање на заемите и соодветно дала согласност. Исто така, увидовме дека не се постапува согласно одредбите кај дел од склучените договори за плаќање на 6% камата на одобрениот износ на заемот.

Имајќи во предвид дека наведените активности не се во дејноста која ја врши АД ЕСМ Скопје и истите имаат влијание врз неговото работење, ликвидност и профитабилност, ревизијата препорачува надлежните органи за раководење, управување и надзор на друштвото да го преиспитаат одлуките кои ги носат за финансирање на активности кои не се во дејноста на друштвото.

6.7. ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје во својот состав има четири подружници[117] меѓу кои е „Попова Шапка –Тетово“. Трансформацијата на заемот во влог на АД ЕСМ Скопје (елаборирано во точка 6.6. алинеја 1 од извештајот) е направена со цел спроведување на постапка за поделба на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, со издвојување и основање на ново друштво[118]. Ревизијата истакнува дека во октомври 2019 година, за потребите на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, од страна на две странски правни лица за консултантски услуги, изработена е физибилити

[117] „Национален парк Пелистер – Битола“-хотел Молика, „Попова Шапка –Тетово“, Маврови Анови-Маврово и Ростуша и „Автокамп Ливадиште“- Струга

[118] Извор: 49-от -редовен состанок на НО на АД ЕСМ Скопје. При ваква статусна промена би се извршил пренос на дел од имотот и обврските од Друштвото ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, а би останале Подружницата „Попова Шапка –Тетово“ и „Автокамп Ливадиште“- Струга. АД ЕСМ Скопје , би основало ново друштво, со основна дејност угостителство и туризам во која би ја вклучила подружница Пелистер Битола-хотел Молика, додека останатите деловни единици би се издвоиле од постоечкото друштво.

студија за подружница „Попова Шапка–Тетово“. Со физибилити студијата направени се анализи за оправданоста на давање под концесија на добра од општ интерес или јавно приватно партнерство со дополнителна варијанта за продажба на Подружница „Попова Шапка–Тетово“. Како што е истакнато во физибилити студијата, барањето за нејзина изработка произлегува од потребата за подобрување на условите во ски-центарот и сместувачките капацитети, со оглед дека подружницата има огромен потенцијал за развој на зимскиот и летниот туризам, а ски - лифтовите и хотелите се застарени и амортизирани и се неопходни капитални инвестиции. Истакнуваме дека во јули 2021 година со Законот за прогласување на дел од Шар Планина за национален парк[119] , заради заштита на исклучителните природни убавини и вредности истиот е прогласена за заштитено подрачје.

Освен дадените заеми во износ од 193.685 илјади денари, на кој е платен и данок на добивка во износ од 3.117 илјади денари, од страна на АД ЕСМ Скопје во периодот од 2012 до 2020 година извршени се значајни инвестирања за шестоседа жичара и придружни елементи на ски центарот Попова Шапка во вкупен износ од 522.812 илјади денари и истите со договор за давање на право на користење на недвижни ствари[120], се дадени на времено користење без надомест на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје.

Сметаме за потребно да истакнеме дека и покрај материјалната и финансиска поддршка од страна на АД ЕСМ Скопје, ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје континуирано искажува загуби од работењето при што во 2020 година има искажано загуба во износ од 88.929 илјади денари, а вкупната акумулирана загуба со состојба на 31.12.2020 година изнесува 978.595 илјади денари.

Не оспорувајќи ги преземените активности и иницијативи за одвојување од ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје и давање на подружницата „Попова Шапка–Тетово“ под концесија или ЈПП, со цел подобрување на состојбата на ЕЛЕМ ТУРС ДООЕЛ Скопје, како и развој на туризмот, укажуваме дека дадените заеми и извршените инвестирања во претходниот период влијаат на вкупното работење на АД ЕСМ Скопје и на неговата ликвидност.

6.8. Вкупниот инсталиран капацитет за производство на електрична енергија во РСМ изнесува 2,06 GW. Изворите за производство на електрична енергија во РСМ се претставени на следниот графикон:

[119] „Службен весник на РСМ“ број 151 од 06.07.2021 година
[120] Бр.03-466/1 и 13/98/1 од 04.02.21 и 08.02.2021




Извори за производство на електрична енергија во РСМ

Најголем производител на електрична енергија во РСМ е АД ЕСМ Скопје со околу 70% од вкупниот инсталиран капацитет. РСМ има релативно висока зависност од увоз на електрична енергија, со просечен удел на увоз од околу 30%. Во споредба со земјите во регионот, РСМ заедно со Хрватска и Словачка има еден од највисоките удели на увозот на електрична енергија во вкупните потреби на електрична енергија. Суводол и Брод Гнеотино се најголемите рудници во РСМ кои се користат за снабдување на ТЕЦ Битола и учествуваат со 98% од вкупниот јаглен за производство на електрична енергија. Површинскиот рудник Суводол се приближува до своето исцрпување. Врз основа на проценетите резерви на искористив јаглен, се проценува дека Суводол има преостанат производен капацитет од околу 16 години, а Брод Гнеотино од 11,5 години. ТЕЦ Осломеј се соочува со предизвици за сигурно снабдување со јаглен и се снабдува исклучиво од рудникот Осломеј кој е речиси исцрпен и работи со ограничени капацитети. Поради тоа се разгледуваат можностите од други извори на снабдување, увоз на јаглен или премин на други енергенти[121].

Со исцрпување на јагленот се очекува да се намали производство на електрична енергија и моќност и да се зголеми зависноста на РСМ од увоз на електрична енергија, а која согласно стратегијата би била најизразена во периодот 2025-2030 година. Овие предвидувања се резултат на престанокот или намалувањето на

[121] Стратегија за развој на енергетиката до 2040 година (Службен весник на РСМ бр.25 од 05.02.2020 година)

работата на ТЕЦ Битола и ТЕЦ Осломеј, како и потребата од изнаоѓање на најдобро и најекономично решение за трансформација и замена на производството на електрична енергија од јаглен со други енергетски горива. Светските енергетски трендови бараат транзиција кон ниско јаглеродна економија за која најважен фактор е производството на електрична енергија од обновливи извори на енергија. Во оваа насока АД ЕСМ Скопје презема активности кон развој на нови капитални проекти за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија и аплицира за донации од странски извори. Во периодот од 2017 до јуни 2021 година АД ЕСМ Скопје има поднесено апликација за грантови кај меѓународни институции за проектите од обновливи извори во вредност од 11.635.633 евра од кои искористени се 675.990 евра или само 6%. Прегледот на средства од меѓународни донаторски средства е прикажан на Прилог бр. 4.

Ревизијата истакнува дека капиталните проекти на АД ЕСМ Скопје во најголем дел се во фазата на планирање или изработка на физибилити студии или проекти за заштита на животната средина и имаат забавна динамика поради нивната комплексност и изборот на модел на финансирање од донатори, кредити или со ЈПП за што е потребна поголема координација со надлежните органи од областа на енергетиката како и поддршка од единствениот содружник на АД ЕСМ Скопје - Владата на РСМ. Детален преглед на планираните капиталните проекти на АД ЕСМ Скопје е прикажан во Прилог бр. 5 од извештајот.

6.9. Производството на електрична енергија и моќност во АД ЕСМ Скопје во 2020 година изнесува 3.590 GWh[122], што во однос на планираните 4.472 GWh, претставува реализација од 80% и е за 15.2% помало од оствареното производство во споредба со 2019 година (641,0 GWh). Производството на електрична енергија во ТЕЦ на АД ЕСМ Скопје во 2020 година изнесува 2.471,6 GWh[123], што во однос на планот за производство претставува реализација од 77%. Производството на ТЕЦ е остварено со 12% помалку јаглен и со 57% повеќе мазут во однос на потрошеното во 2019 година. Зголемената потрошувачката на мазут е како резултат на недовршената модернизација на котлите во РЕК Битола и намалениот квалитет на јагленот[124] .

[122] Годишен извештај за производство, набавка и продажба на вишоци на електрична енергија на АД ЕСМ – Скопје за 2020 година.
[123] За производството на 2.471,6 GWh во термоелектричните централи било потрошен јаглен од 5.053 илјади тони и мазут 27 илјади тони.
[124] За потребите на ТЕЦ „Осломеј“ од рудникот „Осломеј – Запад“ се ископани само 234 илјади тони јаглен, а од „Стар Рудник“ кој е дел од поранешниот рудник „Осломеј – Исток“ во 2020 година не е извршен ископ на јаглен.

Во однос на 2019 година производството од ТЕЦ е намалено за 24%, што се должи на поплавите кои се случиле во рудниците за ископ на јаглен Суводол и Брод Гнеотино од обилните врнежи на дожд во Битолскиот регион кои го отежнале и прекинале ископот и дотурот на јаглен од рудниците до ТЕЦ Битола и кои во периодот од 20.07.2020 до 30.08.2020 година согласно планот за производство за 2020 година наместо да работат со два блока, работеле со еден блок. Единствено Паркот на ветерни електрани „Богданци" во 2020 година има произведено 116 GWh електрична енергија што во однос на планираните 95 GWh претставува поголемо производство од 22%.

Во 2020 година хидроелектричните централи на АД ЕСМ Скопје произвеле 951,1 GWh електрична енергија, што претставува 8.44% поголемо производство во однос на 2019 година (74,0 GWh). Неповолните хидролошки параметри во текот на целата 2020 година како и сушата во втората половина на годината проследена со минимални дотоци на вода во акумулациите и езерата создале ризик од загрозување со редовното снабдување со електрична енергија, што е предвидено во член 8 од Законот за енергетика. Имено вкупниот годишен доток во 2020 година изнесувал 859,8 GWh, што е околу 30% помал доток од просечниот годишен доток кој изнесува околу 1.220 GWh. Поради горенаведените состојби во 2020 година и недостаток на произведена електрична енергија и моќност, а со цел оптимизирање на сопственото производство и исполнување на договорените обврски кон универзалниот снабдувач, АД ЕСМ Скопје извршила набавка на електрична енергија за период од 29.10.2020 до 31.12.2020 во вкупна количина од 135.490 MWh.

Владата на РСМ на 09.11.2021 година прогласи кризна состојба во снабдувањето со електрична енергија на целата територија на државата. Причини за прогласување кризна состојба се недостиг на електрична енергија на домашниот пазар предизвикана со повремени испади на поголеми производствени капацитети, недостиг на енергенси за производство на електрична енергија и неможност испадот да се покрие со расположливата резерва во производство на електрична енергија, кои можат да доведат до недостаток на електрична енергија или нарушување на стабилноста на електроенергетскиот систем.

6.10. Продажбата на електрична енергија на универзалниот снабдувач, кој врши дистрибуција на електричната енергија до домаќинствата и стопанството, се врши согласно член 101 од Законот за енергетика, по пазарни услови, со избор на најповолна понуда и согласно правилата донесени од РКЕ. Универзалниот снабдувач набавува електрична енергија во РСМ или од странство на пазарот на електрична енергија со склучување на билатерални договори, во количини потребни за задоволување на потрошувачката на потрошувачите. За секоја

набавка на електрична енергија универзалниот снабдувач, преку web базирана платформа, доставува покана до квалификуваните понудувачи за поднесување на понуда за набавка на електрична енергија со одредени барања и критериуми. Единствен критериум за избор на најповолна понуда е понудената цена на електрична енергија. АД ЕСМ Скопје е производител со најголем инсталиран капацитет во РСМ за производство на електрична енергија и согласно член 237 од Законот за енергетика е должен на универзалниот снабдувач да испорача во постапките за набавка на електрична енергија во 2020 година 75% од вкупните годишни потреби на снабдувачот[125].

АД ЕСМ Скопје со Одлука на УО[126] има формирано Комисија за утврдување на цената за испорака на електрична енергија на универзалниот снабдувач која комисија врз основа на шест месечна финансиска анализа на компанијата изработува „Информација за одредување на цената на електричната енергија“ и која информација со Одлука на УО се одобрува и се доставува до Владата на РСМ како единствен акционер за одлучување. Владата на седница одлучува и со Извадок ја одредува висината на цената на електричната енергија за периодот што следи. Постапувајќи по Извадоците на Владата на РСМ, АД ЕСМ Скопје без Одлуки на УО, во неколку постапки за продажба на електрична енергија на универзалниот снабдувач, има понудено најниски цени и тоа: за периодот од јануари до јуни 2020 година по цена од 34,50 EUR/MWh и за периодот од јули до декември 2020 година, цена од 38,80 EUR/MWh. Предложените цени кои ги формира АД ЕСМ Скопје во доставените Информации до Владата на РСМ кои се изработени врз основа на финансиски анализи за вкупните приходи и расходи на компанијата се многу повисоки. Исто така пазарните цени како и понудените цени во јавните повици до универзалниот снабдувач од страна на останатите економски оператори во 2020 година се движеле од 56 до 86 EUR/MWh. Истакнуваме дека АД ЕСМ Скопје при продажбата на вишокот на електрична енергија во 2020 година има постигнато просечна цена од 43,30 EUR/MWh, а увозот на електричната енергија во 2020 година е со просечна цена од 56,93 EUR/MWh. Горенаведените состојби укажуваат дека понудените цени во 2020 година од страна на АД ЕСМ Скопје на универзалниот снабдувач се пониски во однос на пазарните цени на електричната енергија и не се доволни да ги покријат како набавните така и производните трошоци на АД ЕСМ Скопје, со цел да се искаже позитивен финансиски резултат од работењето, а со тоа и стабилно

[125] Согласно член 237 од Законот за енергетика, производителот со најголем инсталиран капаците во РСМ е должен на универзалниот снабдувач во постапките за набавка на електрична енергија да му понуди на продажба на електрична енергија и тоа: во 2019 година 80% од вкупните годишни потреби, 2020 година 75%, 2021 70%, 2022 60%, 2023 50%, 2024 40% и во 2025 година најмалку 30% од вкупните годишни потреби на снабдувачот.

[126] Одлука број 02-2435/99/7 од 13.05.2019 година

и континуирано да ги снабдува потрошувачите со електрична енергија. Истакнуваме дека со годишната сметка за 2020 година АД ЕСМ Скопје има остварено загуба од 1.033.101 илјади денари, а за 2019 година добивка од 193.340 илјади денари. Загубата во 2020 се должи на намалувањето на вкупниот приходи поради намалено производство на електрична енергија од една страна и зголемените вкупни трошоци (зголемени трошоци за набавка на електрична енергија и резервни делови и зголемена потрошувачка на мазут)[127]. Во следниот графички приказ презентирани се остварените приходи на АД ЕСМ Скопје од продажба на електрична енергија во периодот 2018 - 2020 година.




Остварување на приходи на АД ЕСМ од продажба на електрична енергија во период 2018-2020 година (во 000 денари)

Од графиконот се забележува тренд на намалување на приходите од продажба на електрична енергија на универзалниот снабдувач (која се користи за стопанството и домаќинствата) како и намалување на приходите по основ на продажбата на вишок на електрична енергија односно продажба на слободниот пазар. Ревизијата има обврска да истакне дека во 2020 година со оглед на малата произведена количина на вишок електрична енергија и моќност спроведени се само две аукции за продажба. Со либерализацијата и зголемената конкуренција на европскиот енергетски пазар, АД ЕСМ Скопје би можел во иднина да очекува ризик од намалување на приходите од продажба на електрична енергија, а со тоа и намалување на профитабилноста.

[127] Годишен финансиски извештај на АД ЕСМ за 2020 година

Во јуни 2021 година со Извадок на Владата на РСМ дадена е насока АД ЕСМ Скопје да понуди 100% од вкупните потреби на универзалниот снабдувач за периодот јули-декември 2021 година по цена од 36,1 ЕУР/MWh, при тоа е заклучено да се изнајде начин да се надомести разликата помеѓу производната цена на електричната енергија од АД ЕСМ Скопје и цената што ја одредува Владата на РСМ. Согласно доставената информација на Комисијата до Владата на РСМ за профитабилно работење на компанијата во 2021 година кумулативната цена на произведената електрична енергија би требало да биде нешто повисока од 53 ЕУР/MWh во спротивно компанијата ќе искаже загуба од своето работење. Истакнуваме дека во ноември 2021 година поради европската енергетска криза цената на електричната енергија на светските берзи достига износ од над 190 евра по MWh, поради што е потребно во соработка со основачот - Владата на РСМ надлежните органи на АД ЕСМ Скопје итно да преземат активности за надминување на штетите и загубите што можат да се јават во енергетскиот производен систем на РСМ.

6.11. Во текот на 2004 година биле извршени детални геолошки истражувања и изготвена техничка документација за инженерско-геолошки и геомехнички карактеристики на просторот на наоѓалиштето Подинска јагленова серија[128] (ПЈС) кое претставува 1/3 од вкупната површина зафатена со главниот јагленов слој од околу 10 $km^2$. Со овие истражни работи утврдени се геолошки резерви од околу 55 милиони t јаглен. Исто така површинскиот коп на јаглен во наоѓалиштето Брод –Гнеотино е отворен и е во фаза на експлоатација и согласно главниот рударски проект предвидени се околу 34 милиони t јаглен како експлоатациони резерви[129].
Со Стратегијата за долгорочно снабдување на РЕК Битола со јаглен 2016-2046 година утврдени се клучните цели и насоки за развојот на експлоатацијата на јагленот на поширокото подрачје на Битолскиот басен. Со Стратегијата планирана е набавка на нова опрема за која цел уште во 2016 година била формирана работна група. Во текот на 2020 година започната е постапка за набавка на новата рударска опрема и механизација во вкупна вредност од 41 милион евра и тоа 19 милиони евра за помошна механизација и 22 милиони за набавка на циклична механизација. Во февруари 2021 година потпишани се договорите со ЕО и порачана е помошната механизација. Заклучно со месец октомври 2021 година, пристигната е опрема од околу 13,7 милиони евра, а

[128] Подинската јагленова серија лежи под главниот продуктивен слој на експлоатационото поле на рудникот Суводол и зафаќа површина од околу 3 $км^2$.
[129] Капитални проекти ЕСМ, јуни 2021, реден број 16

исплатено е на добавувачите 8,2 милиони евра[130]. За набавка на помошната механизација АД ЕСМ Скопје во јули 2021 година има земено долгорочен кредит од деловна банка во износ од 15 милиони евра[131], со заложување на целокупната помошна опрема, за што Владата на РСМ во септември 2021 година има донесено Одлука[132]. За набавката на цикличната механизација потребно е да се изврши дополнителна анализа за оформување на финалниот обем на потребната механизација. Од друга страна во месец октомври 2021 година, АД ЕСМ има објавено јавен повик за набавка на 1.200.000 t. јаглен за потребите на РЕК Битола 900.000 t и 300.000 t јаглен за ТЕЦ Осломеј што укажува на недостаток на резерви на јаглен, за кои се набавува помошната механизација.

Со набавката на новата рударска опрема и механизација треба да се овозможи продолжување на животниот век на термоелектраните во РЕК Битола и работата на рудникот ПЈС и намалување на трошоците за ископ на јаглен и ангажирање на надворешни правни лица. Имајќи во предвид дека во Стратегијата за развој на енергетиката во РСМ до 2040 година е нагласена потребата енергетските трендови за производство на електрична енергија да се насочени  кон ниско јаглеродна економија, при што обновливите извори на енергија и енергетската ефикасност се најзначајните фактори, а една од стратешките цели е декарбонизација, ревизијата истакнува дека финансиската рамка за набавка на новата рударска опрема во РЕК Битола може да влијае на ликвидноста на АД ЕСМ Скопје подолг временски период во иднина, а со тоа и на вложувањата во останатите планирани капитални проекти за производство на електрична енергија од обновливи извори на енергија.

6.12. Со појавата на пандемијата предизвикана од КОВИД-19 вирусот, во неколку наврати, преку дирекцијата и седумте подружници набавени се заштитни средства за превенција и заштита на здравјето и животот на вработените. Во периодот опфатен со ревизијата, во Дирекција и РЕК Битола спроведени се 3 постапки со преговарање без објавување на оглас за набавка на заштитни средства и средства за хигиена, при што доделени се договори во износ од 5.196 илјади денари (со вклучено ДДВ), а истите речиси во целост се реализирани (5.148 илјади денари).  Другите подружници на АД ЕСМ Скопје за истата цел спровеле набавки од мала вредност, при што биле исплатени вкупно 861 илјади денари.

Во декември 2020 година две јавни здравствени установи, Клиничка болница Битола и Општа болница Кичево со барање се обратиле до АД ЕСМ Скопје за добивање финансиска помош за поставување на централен систем на кислород

---

[130] Набавката на помошна механизација за РЕК Битола, ќе биде предмет на ревизија во идни периоди на ДЗР

[131] Кредитот е без државна гаранција, рок на отплата 10 години, грејс период од 2 години и каматна стапка варијабилна 6 –месечен ЕУРИБОР, зголемена за 1,9%

[132] Одлука за одобрување на работењето на УО  на АД ЕСМ и НО на АД ЕСМ БРОЈ 40-9798/1 од 14.09.2021

во модуларните болници кои се граделе, со капацитети од 90 кревети во Битола, односно 30 кревети во Кичево. Изразувајќи солидарност во справување со кризата предизвикана од вирусот КОВИД-19, УО на АД ЕСМ Скопје на 15 декември 2020 година донел одлука со која позитивно е одговорено на барањата на јавните здравствени установи, по што склучени се договори за донација и исплатени се средства во износ од 2.400 илјади денари на Клиничка болница Битола и 600 илјади денари на Општа болница Кичево.

6.13. Врз основа на анализата на обврските со состојба на 31.12.2020 година констатиравме дека обврските спрема добавувачите во земјата се зголемени во износ од 527.892 илјади денари или за 58% од кои 91% се однесуваат на зголемените обврски во РЕК Битола во износ од 480.716 илјади денари како резултат на извршените генерални ремонти на два блока, додека обврските спрема добавувачите од странство се зголемени за 100% односно за 93.566 илјади денари и се однесуваат за набавка и поставување на Фотонапонска електрана од 10MW во РЕК Осломеј (ФЕ Осломеј I) по Договор[133] со Girişim Elektrik Taahhűt Tic. Ve San.A. Значителното зголемување на обврските може да влијае на ликвидност на друштвото во идниот период.

6.14. Во текот на ревизијата од страна на одговорните лица во АД ЕСМ Скопје прифатени се корекции дадени од Државниот завод за ревизија кои се однесуваат на:

- зголемување на вредноста на сметката Земјиште, а намалување на вредноста на сметката Материјални средства во подготовка за износ од 50.999 илјади денари поради погрешно евидентирање на земјиште за изградба на новата административна зграда, доделено со Одлука на Владата на РСМ;
- зголемување на вредноста на сметката Градежни објекти, а намалување на вредноста на сметката Материјални средства во подготовка за износ од 506.182 илјади денари поради погрешно евидентирање на шестоседа жичара на Попово Шапка која е предадена во употреба и
- зголемување на вредноста на сметката Земјиште, а намалување на вредноста на сметката Градежни објекти во износ од 13.317 илјади денари поради погрешно евидентирање на земјиште на кое е изградена постојната управна зграда на АД ЕСМ Скопје.

Ревизијата за прифатените корекции обезбеди налози за книжење од АД ЕСМ Скопје бр. 457, 458 и 459 од 15.12.2021 година и истите немаат ефект на искажаните состојби во активата во билансот на состојба.

[133] бр.08-5837/1 од 28.11.2019 година

| БИЛАНС НА УСПЕХ ЗА 2020 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| | | | во 000 денари |
| **Опис на позицијата** | **Образло-жenија** | **2020** | **2019** |
| | | | |
| Приходи од продажба | 3.1. | 10.887.272 | 12.257.043 |
| Останати приходи | 3.2. | 1.097.457 | 423.713 |
| **Вкупни приходи од работењето** | | **11.984.729** | **12.680.756** |
| | | | |
| Залиха на почетокот на периодот | 3.3. | 102.397 | 411.203 |
| Залиха на крајот на периодот | 3.3. | 77.841 | 102.397 |
| | | | |
| Трошоци за суровини и други материјали | 3.4. | 2.907.241 | 2.638.526 |
| Набавна вредност на продадени стоки | 3.5. | 605.175 | 2.054 |
| Трошоци за услуги | 3.6. | 2.111.938 | 2.361.452 |
| Останати трошоци од работењето | 3.7. | 746.861 | 845.219 |
| Плата, надоместоци од плата и останати трошоци за вработените | 3.8. | 3.843.304 | 3.520.341 |
| Трошоци за амортизација | 3.9. | 2.513.842 | 2.428.267 |
| Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни и тековни средства | 3.10. | 1.999 | 442 |
| Резервирања за трошоци и ризици | 3.11. | 157.238 | 188.672 |
| Останати расходи | 3.12. | 19.531 | 110.508 |
| **Вкупно расходи од работењето** | | **12.907.129** | **12.095.481** |

БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| Опис на позицијата | Образло- | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства и парични еквиваленти | 4.1. | 495.997 | 557.007 |
| Побарувања од поврзани друштва | 4.2. | 46.779 | 149.304 |
| Побарувања од купувачи | 4.3. | 1.108.869 | 1.584.731 |
| Побарувања за дадени аванси | 4.4. | 75.030 | 107.416 |
| Побарувања од држ. органи и институции | 4.5. | 179.533 | 169.566 |
| Побарувања од вработените | 4.6. | 1.638 | 2.308 |
| Останати побарувања | 4.7. | 119.770 | 319.740 |
| Краткорочни финансиски средства | 4.8. | 1.250.228 | 3.103.963 |
| АВР | 4.9. | 91.018 | 129.187 |
| Залихи | 4.10. | 2.689.805 | 2.502.377 |
| Аванси за материја. и нематерија. вложувања | 4.11. | 457.135 | 505.039 |
| **Вкупно тековни средства** | | **6.515.802** | **9.130.638** |
| **Нетековни средства** | | | |
| Нематеријални средства | 4.12. | 340.703 | 389.045 |
| Материјални средства | 4.13. | 35.246.459 | 35.387.943 |
| Долгорочни финансиски средства | 4.14. | 623.900 | 430.215 |
| **Вкупно нетековни средства** | | **36.211.062** | **36.207.203** |
| **Вкупна актива** | | **42.726.864** | **45.337.841** |
| **Вонбилансна евиденција - Активни сметки** | 4.15. | **62.736** | **62.736** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема поврзани друштва | 4.16. | 95.588 | 65.122 |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.17. | 1.654.233 | 1.032.810 |
| Примени аванси, депозити и кауции | 4.18. | 2.345 | 3.143 |
| Краткороч. обвр. за даноц, придон. и др. давач. | 4.19. | 121.135 | 185.424 |
| Обврски спрема вработените | 4.20. | 193.988 | 198.359 |
| Краткорочни финансиски обврски | 4.21. | 1.197.415 | 1.276.560 |
| ПВР | 4.22. | 123.559 | 198.995 |
| **Вкупно краткорочни и долгорочни обврски** | | **3.388.263** | **2.960.413** |
| **Нетековни обврски** | | | |
| Долгорочни резервирања | 4.23. | 698.858 | 1.516.552 |
| Долгорочни обврски | 4.24. | 3.054.598 | 4.242.630 |
| **Вкупно нетековни обврски** | | **3.753.456** | **5.759.182** |
| **Капитал и резерви** | | | |
| Основна главнина - запишан и уплатен капитал | 4.25. | 33.170.883 | 33.170.883 |
| Ревал. резер и разлики од вред. на ком. на ост | 4.26. | 1.022.393 | 1.022.393 |
| Резерви | 4.27. | 2.424.970 | 2.231.630 |
| Добивка од тековната година | | 0 | 193.340 |
| Загуба од тековната година | 4.28. | 1.033.101 | 0 |
| **Вкупно капитал и резерви** | | **35.585.145** | **36.618.246** |
| **Вкупна пасива** | | **42.726.864** | **45.337.841** |
| **Вонбилансна евиденција - Пасивни сметки** | 4.29. | **62.736** | **62.736** |

ПРЕГЛЕД ЗА ПРОМЕНИ НА КАПИТАЛОТ И РЕЗЕРВИТЕ ВО 2020 ГОДИНА

во 000 денари

| О П И С | Основна главнина - запишан и уплатен капитал | Ревалоризациони резерви и разлики од вреднување на компоненти на останатата сеопфатна добивка | Резерви | Акумулир. добивка | Загуба од тековната година | ВКУПНО |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Состојба 01.01.2020 год. | 33.170.883 | 1.022.393 | 2.231.630 | 193.340 | | 36.618.246 |
| Распределба на добивката за претходна година во корист на капиталот и резервите | | | 193.340 | (193.340) | | 0 |
| Загуба за деловна година | | | | | 1.033.101 | 1.033.101 |
| Состојба 31.12.2020 год. | 33.170.883 | 1.022.393 | 2.424.970 | 0 | 1.033.101 | 35.585.145 |

| ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧЕН ТЕК ЗА 2020 ГОДИНА | |
|---|---|
| | 000 денари |
| | **Износи** |
| Нето добивка/ загуба | (1.033.101) |
| Амортизација | 2.513.842 |
| **Вкупно** | **1.480.741** |
| Промени во побарувања од купувачи | 508.248 |
| Промени во останати побарувања | 293.198 |
| Промени во залихи | (187.428) |
| Промени во останати тековни средства | 191.904 |
| Промени во добавувачи | 620.625 |
| Промени во останати обврски | (113.630) |
| **Готовински тек од оперативни активности** | **2.793.659** |
| Промени во нематеријални средства | (30.391) |
| Промени во земјишта и згради | (754.564) |
| Промени во опрема и машини | (846.249) |
| Промени во останати фиксни средства | (644.909) |
| Промени во останати финансиски средства | (193.685) |
| **Готовински тек од иностивестициони активноти** | **(2.469.798)** |
| **Слободен готовински тек (Free cash flow)** | **323.861** |
| Промени во долгорочни кредити | (1.188.032) |
| Промени во краткорочни кредити | (79.145) |
| Промени во резерви и резервирања | (624.354) |
| Промени во задржана добивка | 839.761 |
| Добивка/загуба за финансиската година | (1.033.101) |
| **Готовински тек од финансиски активности** | **(2.084.871)** |
| **Нето готовински тек** | **(1.761.010)** |
| Пари и парични еквиваленто на почеток на година | 3.507.007 |
| Пари и парични еквиваленти на крај на година | 1.745.997 |
| Краткорочно орочени денарски средства | 1.250.000 |
| **Парични средства на крајот на годината** | **495.997** |